ВОЗДУШНО ПАТРОЛИРАЊЕ НА НАТО | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА СЛОВЕНИЈА | ПСИХОЛОШКИ ОПЕРАЦИИ | ПИШТОЛ „М57“

# ШТИТ

Број 118
Август 2019

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## НЕБОТО Е ГРАНИЦА

Припадници на пСО на вежбата „Lavaredo 2019“

# „Летен кампус 2019“







На полигонот „Криволак“ свечено беше отворен јубилејниот, десетти по ред, „Летен кампус“. На Кампусот оваа година учествуваа 120 питомци и студенти од Северна Македонија и 11 партнерски и пријателски земји. На отворањето на Кампусот, заменикот-министер за одбрана, Беким Максути, истакна дека станува збор за уникатен проект кој овозможува питомци и студенти од повеќе земји да разменуваат искуства, да учат едни од други и да стекнуваат познанства. Заменик-министерот порача дека овој јубилеен кампус се реализира во година во која нашата држава ќе ја исполни својата стратегиска цел – членството во НАТО. Тој истакна дека сето стекнато знаење, лидерските вештини, креативноста, храброста, етиката и интегритетот, се вештини кои мора да ги поседува секој офицер, а питомците, како идни офицери, овие вештини ќе ги стекнат токму на „Летниот кампус“.

Митко Богдановски, продекан на ВА на отворањето на кампусот рече дека големиот број активности и богатата програма на Кампусот се резултат на долгогодишното искуство и успешната реализација на овој кампус, на кој досега учествувале над 1.600 питомци и студенти од дваесетина земји.

Кампусот заврши со показна вежба на 120 питомци и студенти кои прикажаа активности поврзани со задачите при учество во мисија за












# содржина

ШТИТ ▌година XI ▌број 118 ▌август 2019

Инфо 5

НАТО-активности
**Воздушно патролирање на НАТО** 6

НАТО-армии
**Вооружените сили на Словенија** 8

НАТО-стратегии
**Стратегија на флексибилен одговор** 12

На прва линија
**Борба против лажни информации** 18

Едукација
**Карактеристики на токсичното лидерство** 22

Вооружување
**Пиштол „М57“** 32

Вооружување
**„Canadair“** 34

Вооружување
**Автоматска пушка ШАК-12 - Ново чудо на руската воена индустрија** 40

24 часа
**Воени снајперски натпревари** 45

Незадолжително
**Чудни поводи за вистински војни** 46

Низ историјата
**Историја на конфликтите во Нигерија** 52

Филм
**„Герника“** 56

**Таор – родното место на Јустинијан Први** 58

поддршка на мирот, справувањето со толпа, борба во населено место, постапка за справување со МЕС, давање прва помош и медицинска евакуација со хеликоптер и реализацијата на односите со јавноста во меѓународни операции.

Кампусот го затвори заменик-министерот за одбрана, Беким Максути, кој притоа истакна „Партнерствата кои ги направивте за овие десет дена, сè што научивте и споделивте, ќе останат засекогаш во вашите умови и срца. Пријателствата кои ги создадовте со питомците од 12 земји и со студентите од универзитетите ќе бидат вечни“. На затворањето на „Летниот кампус“, помеѓу останатите, присуствуваа и директорот на ГШ, генерал-мајор Зоран Милевски, директорот за одбранбено планирање во австриското Министерство за одбрана, генерал-мајор Јохан Франк, како и командантот на TRIDOC на Косово, бригадниот генерал Илфете Спахиу.

# Јубилеи

Во овој број на „Штит“, освен редовните рубрики и написи од постојаните соработници, добивме прилог од припадник на Сквадронот на транспортни хеликоптери, кој е во состав на Воздухопловната бригада на Армијата на Република Северна Македонија. Авторот во текстот се осврна на јубилејот на неговата единица – 25 години постоење и оперативност како транспортна воздухопловна компонента на македонското Воено воздухопловство. Одбележувањето на јубилејот е тесно поврзано со воведувањето во оперативна употреба на хеликоптерите „Ми-17МТ“, со кои комплетно македонска посада го направи првиот лет со хеликоптер кој носи македонски ознаки и македонско знаме. По повод овој настан, во единицата беа поканети и присуствуваа членовите на посадата кои го изведоа тој лет, а кои денес се пензионирани пилоти и техничари-летачи, но и почесни припадници на Военото воздухопловство. Сквадронот на транспортни хеликоптери продолжува и понатаму да биде столб на транспортната воздухопловна компонента на Военото воздухопловство. Сквадронот и во иднина ќе продолжи да се развива, како во однос на персоналот, неговата стручност, компетентност и професионалност, така и во однос на воздухопловите со кои ќе оперира, нивна модернизација, зголемување на оперативните капацитети и способности и задржување на нивото на компатибилност со останатите НАТО и партнерски земји.
Како редакција бевме поканети да присуствуваме на одбележувањето на јубилејот – 20 години од промоцијата на првата генерација македонски офицери, коишто целосно се школувани на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје. Овој свечен јубилеј го одбележува настанот кога за првпат по осамостојувањето и по донесувањето на Законот за формирање на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во 1995 година, од академските клупи во 1999 година се произведоа 123 офицери за потребите на Армијата според комплетно сопствен и нов концепт на школување, усогласен со северноатлантските стандарди и според зацртаната определба на нашата државата за прием во НАТО.
Во месец јули на армискиот полигон „Криволак“ се одржа и јубилејниот, десетти по ред „Летен кампус“.
На отворањето на овој уникатен проект кој десетта година по ред ги сплотува питомците и студентите на земјите-членки и партнерските земји, заменикот-министер за одбрана Беким Максути истакна дека овој јубилеен, десетти по ред кампус, се реализира во година во која нашата држава ќе ја исполни својата стратегиска цел – членството во НАТО. „Северна Македонија ќе стане полноправен член на НАТО-алијансата и кадетите од нашата Армија многу скоро нивните пријатели од земјите-членки на Алијансата ќе можат да ги наречат не само партнери, туку и сојузници“, рече Максути.
Во годината на големите очекувања, во пресрет на Самитот на НАТО во Лондон и одбележувањето на големиот јубилеј – 70 години од формирањето на НАТО како најголем воено-политички сојуз во светот, посакуваме припадниците на Армијата на Република Северна Македонија да го прослават овој голем јубилеј како рамноправни во големото семејство на НАТО и со своите способности и вештини рамноправно да придонесуваат кон светскиот мир и безбедност и да бидат дел од уште многу национални и колективни јубилеи.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.



# Врвна настава за летање

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, беше во посета на Центарот за обука на пилоти, при што ги повика сите млади граѓани на нашата земја со завршено високо образование и стекнати 180 кредити, да се пријават на отворениот Конкурс за прием на кандидати и по завршувањето на обуката да станат пилоти во Армијата



на Република Северна Македонија. Центарот за обука на пилоти е еден од најсовремените капацитети во регионот за изведување настава и обука на воени пилоти. Министерката нагласи дека со измените на Законот кои ќе бидат испратени во Собранието, се предвидува кандидатите да добиваат финансиски надоместок и за време на обуката. Полковникот Валентин Ивановски, раководител на Воеnovоздухопловниот авторитет во Министерството и проект-менаџер на Центарот, истакна дека овој центар со својата опрема и методите кои ги применува, овозможува завршените кандидати веднаш да се вклучат во Воздухопловната бригада и да ги прифатат стандардите на НАТО. Ангел Владимиров и Љубомир Панев, денес капетани во Армијата, а претходно кадети во Центарот за обука на пилоти, порачаа дека овој центар овозможува обука на светско ниво, дека е потребно многу труд и енергија, но и дека чувството „секојдневно да се има различен поглед од канцеларијата, не се опишува“. Ги повикаа младите да не ја пропуштаат оваа шанса и да се пријават на отворениот конкурс. Досега во Центарот се обучени вкупно 24 пилоти, од кои 13 пилоти за потребите на Армијата, 9 за Министерството за внатрешни работи и 2 за потребите на црногорското воздухопловство. Капацитетот на Центарот е препознаен на глобално ниво. Најмодерните симулатори на хеликоптерите „Ми-24“ и „Ми-8/17“ досега ги користеа пилоти од Босна и Херцеговина, од Хрватска и од Бугарија, а на комерцијална основа и пилоти од Полска, од Нигерија и од Камерун.

# 20 години од промоцијата на првите офицери школувани на ВА

Со свечен наставен час во просториите на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ беше одбележан јубилејот по повод 20 години од промоцијата на првите офицери школувани на Воената академија. На првиот конкурс за академската 1995/96 година, од пријавени 820 кандидати е извршен избор на 142 кандидати, од кои по четиригодишното школување, 123 се промовирани во чин потпоручник. Од вкупниот број на старешини што сè уште се во Министерството за одбрана и Армијата, оваа класа гордо може да истакне дека од своите редови веќе има еден генерал, 11 полковници и 51 потполковник, од кои 33 лица се со завршена Командно-штабна академија, 4 лица се со Школа на национална одбрана и има 9 магистри и 5 доктори на науки кои извршуваат раководни позиции во МО и Армијата. На свечениот собир по повод јубилејот присуствуваа офицерите од оваа класа, а се обратија заменик-министерот за одбрана, Беким Максути, директорот на Генералштабот, генерал-мајор Зоран Милески, сегашниот и поранешниот декан на Воената академија, полковник Орце Поповски и полковник Стојче Дескоски. Заменикот-министер за одбрана, Беким Максути кој, исто така, има завршено на Воената академија, им порача на старешините од првата класа и на професорите на Воената академија дека сите имаат постојана обврска да придонесуваат за одбраната, како со школување на квалитетни старешински кадри така и со извршување на одговорните и раководни задачи во Армијата. Генералот Милески, обраќајќи им се на старешините, посочи на фактот дека сите офицери од оваа генерација се со високи офицерски чинови, и сите извршуваат раководни позиции. Притоа, тој истакна дека со вложениот труд и несебичното залагање оваа генерација веќе започнува да се обликува во предводник во раководењето со Армијата. Деканите Дескоски и Поповски, давајќи историски осврт на школувањето на оваа генерација питомци, го потенцираа значењето на самостојното воено образование и произведување на квалитетен кадар за функционирањето на Армијата и одбраната.



# Обука на вода

Во периодот од 9 јули до 1 август 2019 година, во Центарот за обука на вода „Радожда“, се реализираше обука во летни услови во согласност со Годишниот



план за обука за 2019 година со припадниците на Баталјонот на Воената полиција (бвп).
Основната цел на оваа обука е припадниците на бвп тимски да се оспособат, да се извежбаат и да се обучат за тактики и процедури при користење на техники и стилови на пливање, совладување на водени препреки, изведување на борбени дејства во вода, давање прва помош на давеник, скокови во вода, сигурност при работа во плитки и во длабоки води, користење на пловни средства. Исто така, се извежбуваат тактики, техники и процедури кои се применуваат при организирање и планирање во обезбедување на високи воени раководители на пловни средства и објекти на вода со прирачни и формациски средства.
Обуката во летни услови се реализира од страна на припадници на бвп, кои преку учество на курсеви и семинари во земјата и надвор од неа, се сертифицирани за ваков тип обука.
За време на обуката, припадниците на бвп демонстрираа високо ниво на обученост, професионализам, тимска работа, и се стекнаа со потребниот степен на сигурност, самодоверба и квалификации при изведување на различни дејства на различни водени површини.

# Воздушно патролирање на НАТО



НАТО-алијансата одржува континуиран дијалог со земјите-партнери за промовирање на меѓусебното разбирање, транспарентноста и довербата за прашања од областа на воздушната одбрана од заеднички интерес. Програмата за соработка вклучува состаноци за утврдување на фактите со експерти за воздушна одбрана, семинари и работилници, посети на објекти за воздушна одбрана и инсталации, заеднички аналитички студии и програма за размена на некласифицирани податоци за состојбата со воздухот.
Воздушното патролирање на НАТО (Air Policing) е мировна колективна мисија за одбрана, со цел заштита на интегритетот на воздушниот простор на земјите-членки на Алијансата. Принципот на колективна одбрана е во центарот на основачкиот договор на НАТО. Останува единствен и долготраен принцип на меѓусебно поврзување и заштита во рамките на солидарноста на Алијансата. Всушност, сите земји-членки во одреден облик придонесуваат во воздушното патролирање на НАТО, било тоа да е преку употреба на национални системи за надзор над воздухот, управување со воздушниот сообраќај, авиони за пресретнување или други мерки за воздушната одбрана. Воздушното

> Воздушното патролирање на НАТО (Air Policing) е мировна колективна мисија за одбрана, со цел заштита на интегритетот на воздушниот простор на земјите-членки на Алијансата. Принципот на колективна одбрана е во центарот на основачкиот договор на НАТО

патролирање на НАТО го обезбедува интегритетот на воздушниот простор на сојузниците, го штити суверенитетот на државите на Алијансата, односно се грижи за безбедноста на воздушниот простор на Алијансата. Како колективна задача вклучува континуирано присуство од 24 часа на ден, 365 дена во годината на авиони во улога на борбени пресретнувачи, подготвени да реагираат брзо на повредите и прекршувањата на воздушниот простор. Мисијата се спроведува во рамките на Интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана на НАТО (NATO Integrated Air and Missile Defence System - NATINAMDS). НАТО-авионите полетуваат кон воздушниот простор на секоја земја-членка која во одреден момент се соочува со некој проблем или прекршување на нејзиниот воздушен простор. Мисијата се однесува на воени и цивилни авиони во неволја и / или кои не ги следат меѓународните правила за летање и пристапуваат кон воздушниот простор на сојузниците. Често овие авиони не успеваат да се идентификуваат правилно, да комуницираат со контролата на летање или настануваат проблеми поврзани со плановите за летање.
Воздухопловните операции на НАТО, од мирен период до криза, се потпираат на структура која опфаќа персонал, инфраструктура и системи за команда и контрола. Системите за команда и контрола на воздушниот простор овозможуваат НАТО да испорача ефикасна и агилна воздухопловна моќ, онолку колку што е потребно. За земјите на НАТО кои немаат потребни воздухопловни капацитети, како што се Албанија, Луксембург, Исланд, Словенија, Латвија, Литванија, Естонија и во блиска иднина Северна Македонија, постојат договори за да се обезбеди стандард за безбедност на воздушниот простор во рамките на одговорноста на Врховниот командант на сојузничките сили на Европа (SACEUR). Во оваа насока, неодамна министерката за одбрана на Република Северна Македонија оствари билатерална средба со министерот за национална одбрана на Грција, на која








потпишаа нов сеопфатен Договор за соработка во одбраната. Помеѓу другото, во договорот се наведени областите на соработка од заемен интерес, од кои едната е Грција да врши воздушно патролирање (Air Policing) со надзор на безбедноста на воздушниот простор над нашата држава. Оваа мисија е во интерес на нашата држава, на регионот, како и на НАТО-алијансата. Последно примената членка на НАТО-сојузот беше Црна Гора, која воздушното патролирање го реши со ангажирање на борбени авиони на воздухопловните сили на Италија и на Грција, во соработка со воздухопловството на Црна Гора. Цел на мисиите на НАТО за контрола на воздушниот простор е да го штитат небото над земјите-членки на Алијансата, кои немаат сопствени воздухопловни капацитети (борбени авиони). Во моментов во Европа постојат неколку такви мисии. Од 2009 година авиони на Италија и на Грција го штитат и воздушниот простор на Албанија, додека Белгија, Холандија и Луксембург имаат заедничка мисија за заштита на небото над трите земји. Понатаму, ниту една од трите балтички земји кои се членки на НАТО немаат сопствени функционални борбени авиони. Во април 2004 година, набргу откако овие земји ѝ се приклучија на Алијансата, НАТО одлучи да воведе воздушни патроли над балтичките држави со борбени авиони од други членки на Алијансата.

Системите за команда и контрола на воздушниот простор се состојат од два главни столбови: систем за воздухопловна команда и контрола (ACCS) и информативен систем за воздухопловна команда и контрола (AirC2IS). Програмата за воздушна команда и контрола на системот на НАТО (Air Command and Control System – ACCS) овозможува систем за единствена и интегрирана воздушна команда, како и контрола на управување со воздушните операции на НАТО во и надвор од Евроатлантската област. Овој систем за прв пат ќе биде целосно интегриран со вистински способности. ACCS ќе биде столбот на НАТО-интегриран систем за воздушна и ракетна одбрана (NATINAMDS), овозможувајќи целосна интеграција на средствата за воздушно патролирање и одбрана од балистички проектили. Мировната мисија на воздухопловните сили на НАТО подразбира употреба на Air Surveillance and Control System (ASACS), Air Command and Control (Air C2) со употреба на соодветни воздухопловни средства т.н. Quick Reaction Air (Intercept) или QRA(I). Исклучително важна работа со која се обезбедува унифицирана постапка за воздушна команда и контрола на системот, овозможувајќи им на НАТО и нејзините сојузници справување со сите видови воздушни операции на европска територија и надвор од неа при распоредување на силите.

Мисијата на НАТО за патролирање во воздушниот простор е под надзор и водство на воздухопловната команда на сојузничките сили. Овие операции се под тактичка команда на штабот на сојузничките сили за воздушна команда во Рамштајн (Tactical Command of Headquarters Allied Air Command - HQ AIRCOM), со широка палета на статични и распоредливи инсталации. Командата е поддржана од страна на два воени меѓународни центри за операции во воздухот (Combined Air Operations Centres - CAOC), лоцирани во Torrejon, Шпанија и во Uedem, Германија, како и еден распоредлив центар за воздушна команда и контрола (Deployable Air Command and Control Centre - DACCC) во Poggio Renatico, Италија. Двата воздухопловни комбинирани центри за операции се составени од по два дела. Еден дел е центарот за статична одбрана кој е одговорен за контрола на небото. Другиот дел е распоредлив воздухопловен центар кој ги поддржува операциите, односно е фокусиран на изработка на борбените планови и на извршувањето на борбените операции.

Драган Павловски

# Вооружените сили на
# Словенија



Словенија е демократска република со територија од 20.273км2 и во неа живеат нешто повеќе од 2 милиони жители. Членка на НАТО и на ЕУ е од 2004 година. Во согласност со националните регулативи, словенечкото Национално собрание, на предлог на Владата, одлучува за прогласување на воена или на вонредна состојба за спроведување итни мерки, како и за нивно укинување. Собранието, исто така, одлучува и за употребата на одбранбените сили. Врховен командант на одбранбените сили е претседателот на Републиката. Во рамките на одбранбениот систем на државата,

> Во Министерството за одбрана, заедно со армијата, ангажиран е персонал од околу 8.000 лица. Со плановите за развој на одбраната, планирано е задржување на бројот на персоналот во армијата на ниво од 9.100 до 7.600 во активниот состав и 1.500 во активната резерва

Министерството за одбрана е надлежно за: планот за национална одбрана; развојот, организацијата, опремувањето, функционирањето, командувањето и контролата на словенечките вооружени сили (ВС); подготовките на цивилната одбрана; воените училишта и организацијата, подготовката и спроведувањето на системот за цивилна заштита и помош при катастрофи, како и за правата и должностите на граѓаните во однос на одбраната.
Во Министерството за одбрана, заедно со армијата, ангажиран е персонал од околу 8.000 лица. Со плановите за развој на одбраната, планирано е задржување на бројот на персоналот во



армијата на ниво од 9.100 до 7.600 во активниот состав и 1.500 во активната резерва.
Мисиите на словенечките ВС се во соработка со Алијансата: одбрана на Републиката, спречување воена агресија врз државата, повторно воспоставување национален суверенитет на целата територија и придонес кон меѓународниот мир и стабилност.
ВС се состојат од активен (со персонал од околу 6.600) и од резервен состав (активна резерва со персонал од 830 војници). Во состав на армијата е и одреден број на лица на доброволно служење на воениот рок.
Генералштабот на армијата е задолжен за обезбедување ефикасна поддршка за началникот на Генералштабот во неговото раководење и командување со армијата и обезбедување ресурси за развој, функционирање и одржување на потребното ниво на борбена готовност на словенечката армија. Под нејзина директна команда се Командата на силите и Воениот школски центар.

## Команда на силите

Командата е надлежна за соодветно планирање и реализација на активностите на командите и единиците во Словенија и во странство. Одговорна е и за постојана борбена готовност на силите, како и за поддршка на државните органи во системот на заштита и помош при несреќи и природни катастрофи.
Под нејзина команда се: 2 пешадиски бригади; бригада за логистичка поддршка; воздухопловен винг; единица за специјални операции; морнарички дивизион; единица за поддршка; единица за електронско војување; единица на воена полиција; единица за комуникациски и информациски системи; центар за обука и спортска единица.
Пешадиските бригади во својот состав имаат: пешадиски полкови (составени од по 4 пешадиски и 1 логистичка чета), планински полк (составен од 4 планински и 1 логистичка чета),

територијални единици и баталјони за борбена поддршка (составени од: батерија за огнена поддршка, чета на воена полиција, чета АБХО, чета за врски, инженериска чета, батерија ПВО, извидувачка чета и противоклопна чета). Територијалните единици во мирно време имаат само команда и тие се надлежни за: цивилно-воена соработка и соработка со институциите на цивилната одбрана; учество во активности од областа на заштитата и спасувањето и помош во случај на несреќи и природни катастрофи и мобилизација и обука на резервниот состав.

Бригадата за логистичка поддршка обезбедува логистичка поддршка за словенечката армија и за сојузнички сили на својата територија и е составена од два логистички полка и единица за медицинска поддршка.

Во состав на Воздухопловниот винг се: 2 авијациски ескадрони, хеликоптерски ескадрон, центар за набљудување и контрола на воздушниот простор (дел од НАТО-системот за противвоздушна и противракетна одбрана - NATINAMDS), авиобаза и центар за обука.

Единицата за специјални операции се состои од: чета за специјални операции, чета за борбено-сервисна поддршка и центар за обука.

Морнаричкиот дивизион се состои од: одред за подводни специјални операции, патролен брод, повеќенаменски брод, вод за отстранување на неексплодирани подводни убојни средства и касарнска единица.

Единицата за поддршка во својот состав има логистичка единица и единица за цивилно-воена соработка (CIMIC).

Словенечката армија е опремена со: пиштоли: „Beretta M92“, „SIG Sauer“ и „Arex Zero“; пушки: автоматски – „FN Herstal F 2000“ и „Zastava M70“, снајперски – „PGM Precision Ultima Ratio Commando“ и „Mini Hecate“; пушкомитралези 7,62мм „FN Herstal Minimi“; митралези „FN Herstal“; фрлачи на гранати 40мм „Herstal LG“ и „ST Engineering CIS“; рачни бомби „Arges“; минофрлачи: 60мм „M-57“, 80мм „M-69“, 120мм „Soltam MN-9“; хаубици 155мм „Soltam TN90“; противоклопни системи „DND RGW 90“; противавионски системи: „KBM Igla-S“ (9K338) и „Strelets“;  борбени возила: „BVP M-80“, „Patria“, „ST Ravne M98 – Valuk“ (санитетско) и „HMMWV M1152“; тенкови: „M-55 Ravne“ и „M-84“; авиони: транспортни – „L410 Turbolet“ и „Pilatus PC-6“, патнички – „Dassault Falcon 2000“, школски – „Zlin“ и „Pilatus PC-9M“; хеликоптери: повеќенаменски – „Bell 412“ и „Evrocopter AS532 Cougar“ и школски – „Bell 206“.

## Воен школски центар

Центарот е задолжен за военото образование и програмите за обука на словенечката армија. Се состои од: Оддел за воени науки; Командно-штабен факултет; Центар за обука на кандидати за офицери; Центар за обука на кандидати за подофицери; Центар за странски јазици; Центар за основна обука; Библиотека и центар за издаваштво; Воен музеј и Оддел за електронско изучување.



Генералштабот на армијата е задолжен за обезбедување ефикасна поддршка за началникот на Генералштабот во неговото раководење и командување со армијата и обезбедување ресурси за развој, функционирање и одржување на потребното ниво на борбена готовност на словенечката армија. Под нејзина директна команда се Командата на силите и Воениот школски центар

## Одбранбени прашања

Процентот од бруто-домашниот производ (БДП) наменет за одбраната варира последните 8 години, и се движи од 1,3% (479 мил. евра) во 2011 г. до 0,93% (361 мил. евра) во 2015 година. Тој процент во 2018 година изнесуваше 1,01% (466 мил. евра).

Во периодот до 2023 година, развојот на воените капацитети првенствено ќе биде фокусиран на подобрување на борбените и капацитетите за борбено-сервисна поддршка на ВС. Ќе се развиваат и способностите за командување и контрола, обработка на податоци, како и за воено образование и обука. Акцент би требало да биде ставен на одржување на веќе развиените способности на две средни баталјонски борбени групи, оспособени за операции во рамките на Алијансата, вклучувајќи операции со висок интензитет.



Главните цели на натамошниот развој на одбранбениот систем на Словенија се:
1. Обезбедување на потребните одбранбени способности.
Развојот на одбранбените способности би се фокусирал на зголемување на националните одбранбени способности за одговор на воени закани и на обезбедување на капацитети за учество во операции со висок интензитет во рамките на колективната одбрана. До 2023 г. е планирано да бидат формирани две средни баталјонски борбени групи.
2. Подобрена подготвеност на државата пред заканите врз нејзината безбедност.
Спроведувањето на мерките за зајакнување на подготвеноста на општеството за евентуални безбедносни закани се планира со ставање акцент на постојани активности на сите нивоа, на инфраструктурата и на услугите, непречено снабдување со енергија, информациска и комуникациска поддршка и други ресурси важни за функционирањето на државата, безбедноста на граѓаните, заштита на критичната инфраструктура, подобрување на механизмите за сајбер-безбедност и зголемување на отпорноста на хибридни закани. Системот за управување со кризи и способноста на државата да одговори на различни безбедносни закани се планира да бидат проверувани периодично, преку спроведување вежби за носителите на одлуки на високо ниво, со цел проигрување ситуации слични на криза и на војна, особено во случај на екстремна и долгорочна безбедносна дестабилизација.
3. Подобрување на борбената готовност на ВС
Краткорочните мерки за подобрување на борбената готовност и одржливоста на словенечката армија би се фокусирале на: подобрување на состојбата со персоналот, образованието и обуката, оперативноста на опремата, модернизацијата на комуникациските и информациските системи и обезбедување на соодветни резерви на муниција и на материјални ресурси. Паралелно со овие планови потребно е и почесто учество на единици на словенечката армија на НАТО вежби, со цел унапредување на нивните способности за заедничко учество во операции со висок интензитет. Со долгорочни планови би се обезбедиле услови за стабилно финансирање на опремувањето, операциите, обуката и вежбите, одржувањето и обезбедувањето резерви на муниција и на материјални ресурси.
4. Остварување на заеднички цели и заложби во контекст на ЕУ и НАТО
Во контекст на приоритетите на ЕУ и нејзината безбедносна политика, заложбите би биле во насока на:
- заедничка асистенција и солидарност, со тежиште на безбедносните предизвици (тероризам, сајбер-закани, енергетска безбедност и организиран криминал);




> Во периодот до 2023 година, развојот на воените капацитети првенствено ќе биде фокусиран на подобрување на борбените и капацитетите за борбено-сервисна поддршка на ВС. Ќе се развиваат и способностите за командување и контрола, обработка на податоци, како и за воено образование и обука

- поблиска соработка во областа на развивање одбранбени способности;
- поблиска соработка со НАТО, особено во областа на операциите и во зајакнувањето на механизмите за справување со хибридни закани;
- зајакнување на националните технолошки капацитети, со цел намалување на ризикот, зголемување на отпорноста на критичната инфраструктура и на мрежите и службите за заштита од сајбер-закани.
Во контекст на зајакнувњето на колективната одбрана и капацитетите за одбрана на НАТО, планирани се активности во насока на:
- зајакнување на нивото на подготвеност и интероперабилност на одбранбениот систем и ВС на Словенија;
- соодветен национален придонес кон НАТО-силите за одговор (NATO Response Force), во соработка со водечка држава;
- придонес кон мерките за одвраќање на закани и колективна одбрана, како и за учество во вежби и воени операции;
- прифаќање на сајбер-просторот како нова сфера на операции во рамките на Алијансата и посветеност на сајбер-одбраната преку развој на национални процедури и способности за ефикасен одговор на сајбер-заканите и одбрана на националната инфраструктура и мрежи.

М.С.





# Стратегија на флексибилен одговор

Почетоците на овој концепт датираат со контроверзниот предлог на државниот секретар на САД, Роберт Макнамара, во 1962 година, кој повикуваше на зацврстување на конвенционалните сили и нивно модернизирање со најсовремените технолошки достигнувања. Ваквиот предлог на Макнамара беше во согласност со Кенедиевата доктрина за флексибилно војување во земјите од „третиот свет“. Меѓутоа, овој предлог наиде на негодување од страна на европските сојузници, кои охрабрени од нуклеарното одвраќање, не сакаа тежиштето да го префрлат на конвенционалните сили. Ставовите помеѓу САД и европските сојузници околу новиот концепт на НАТО, конечно беа усогласени со Хармеловиот извештај за „Идните задачи на Алијансата“ во 1967 година. Воедно, усвојувањето на овој концепт се совпадна и со бранот на антиколонијални војни кој го зафати „третиот свет“, и според проценките на НАТО, СССР се обидувал преку овие антиколонијални војни да го прошири своето влијание врз земјите од Африка, Латинска Америка и Блискиот Исток.

> Во 1967 година, НАТО го промовира својот четврти стратегиски концепт именуван како Стратегија на флексибилен одговор (M.C. 14/3 Strategy of Flexible Response), чијшто период на важност беше од 1967 година до 1991 година

Поаѓајќи од состојбите во стратегиското опкружување, во овој период кога Студената војна беше во нејзиниот најголем подем и постигнатиот нуклеарен и конвенционален паритет, НАТО одлучува понатамошниот фокус во зачувувањето на мирот и слободата во „слободниот свет“ да го стави на развојот и модернизацијата на конвенционалните сили. Овие сили имаа мисија да ја спречат советската инвазија во земјите надвор од НАТО. Во услови на водење на ограничени локални војни во трети земји, се сметало дека нуклеарното оружје во функција на одвраќање не било остварливо.
Се сметало дека СССР во изминатиот период успеал да ги зајакне своите политички, економски и воени позиции во Источна Европа. Тоа било резултат на континуираното вложување и модернизација на конвенционалните сили на Варшавскиот договор, со јасна цел, да се постигне убедлива надмоќ во однос на силите на НАТО. Предвидувањата на НАТО биле и дека СССР ќе продолжи да ги јакне своите нуклеарни, конвенционални, хемиски и евентуално, биолошки капацитети и способности, со намера да ја постигне својата цел.
Според можноста од таквиот развој на настаните, НАТО не ја исклучуваше можноста од водење на голема нуклеарна војна, потоа од агресија со примена на тактички нуклеарни или хемиски оружја, напад на еден или на два региони на НАТО со тактички нуклеарни сили или без нив, нуклеарни операции или операции без употреба на нуклеарно оружје во приморските региони, ограничена агресија предизвикана од конкретна ситуација, блокади на Западен Берлин, прикриени акции и политички и воен притисок и закани против една или повеќе земји-членки на НАТО.
Врз основа на тие претпоставки произлегоа и основните одбранбени принципи на концептот: да се



Поаѓајќи од состојбите во стратегиското опкружување во овој период, кога Студената војна беше во нејзиниот најголем подем и постигнатиот нуклеарен и конвенционален паритет, НАТО одлучува понатамошниот фокус во зачувувањето на мирот и слободата во „слободниот свет“ да го стави на развојот и модернизацијата на конвенционалните сили

манифестира решителност за здружено дејствување и одбрана на Северноатлантската област против сите форми на агресија; создавање на препознатливи способности на Алијансата за ефективен одговор, без оглед на нивото на агресија и флексибилност кои ќе спречат потенцијална агресија со соодветен одговор од страна на НАТО. Во случај одвраќањето да не успее и да дојде до агресија, на НАТО на располагање му стојат три варијанти на воен



одговор, и тоа директна одбрана, намерна ескалација и масовен нуклеарен одговор.
НАТО, меѓу другото, сметаше дека тежиштето на воените акции треба да се стави на локалните конфликти во трети земји. Тоа иницираше потреба од развој на поинаков спектар на воени способности, потребни на конвенционалните сили, на тактичките нуклеарни сили и на стратегиските нуклеарни сили. Оттука, земјите-членки на НАТО тежиштето го ставија на развој на флексибилни, мобилни и добро опремени конвенционални копнени, поморски и воздухопловни сили, кои ќе бидат способни да водат ограничени локални војни. Овие сили требаа да бидат со висок степен на борбена готовност, логистички добро поддржани и подготвени во секој момент на тензија да тргнат во операција и да овозможат борбена и логистичка поддршка. Во мирно време, истите треба да бидат гаранција за одвраќање на секое ниво на агресија.

Со ваквите концептуални решенија на Алијансата започна нова фаза во „трката за вооружување“ за време на Студената војна. Процесот на модернизација и опремување на конвенционалните сили со технолошки напредна воена опрема, силно поддржана подоцна и од Регановата администрација, го доведоа Советскиот Сојуз до економска истоштеност и до неможност да го следи понатамошниот технолошки развој и модернизација на силите. Тоа резултираше со појава на Горбачовата „Перестројка“ и со крај на Студената војна во последната декада на дваесеттиот век. Во овој период се случи и третото проширување на НАТО со Шпанија во 1982 година.
Со крајот на Студената војна се отвори нова ера во развојот на односите помеѓу Истокот и Западот, која се движеше во насока на целосна интеграција на европските земји во западните интегративни структури – НАТО и ЕУ.

д-р Игор Ѓорески






# Психолошки операции

Борбата против психолошките операции која се пренесе и на социјалните мрежи е предмет на анализа на сите безбедносни агенции и центри кои се занимаваат со оваа проблематика. Во медиумската хајка за содржини кои се доживуваат како дел од психолошка пропаганда (особено во врска со претседателските избори во земјите на Западот), тие беа претставени како сајбер-акција која направи тектонски поместување на политичката сцена во најголемата западна демократија – САД, а сите ја препознаа „вишната“ од тортата наречена „Западна пролет“ во која требаше наводно да се рушат системи и влади во најдемократските држави.

Сепак, сериозните аналитичари сметаат дека оваа демократска акција во недемократска верзија доаѓа во време кога владите на големите западни држави не многу вешто се справуваа со новите предизвици со кои се соочуваат нивните држави. Во периодот којшто следи, владите на големите држави несомнено се соочуваа со растечката моќ на „неконтролираните медиуми“, каде царуваат недржавните актери.

> Трендот на борба против предимензионирани и лажни вести е најновиот проект околу кој се обединуваат владите, идентификувајќи ги како најголема закана и зло по демократската стабилност. На овој вид медиумска аномалија не е имуна ниедна држава или влада, имајќи предвид дека лажните вести, пропагандата, па дури и популизмот (како бенигна форма на полулажни вести) постоеле отсекогаш, а денес се неизоставен дел на секоја клетка во интернет-медиумите

### Гласини. поим и услови за нивно ширење

Гласините, историски гледано, претставуваат појава која е стара колку што се и првите форми на општественото уредување. Гласините имаат големо влијание на некои настани во историјата, а како најголеми примери се крстоносните војни или преселбите на народите. Во поблиската историја е примерот со палење на речиси 200 000 жени







Гласините најчесто се користеле за време на војни, но и во услови на економски и на политички кризи, природни катастрофи и елементарни несреќи како што се земјотреси, поплави, пожари, терористички акти и слични дејства. Гласините се инструмент за водење на специјална војна против државите или други актери, но се и средство за справување со сите оние кои можат да преставуваат пречка за реализација на планот

за време на инквизицијата во Европа или, пак, разгорувањето на етнонационалните војни во Европа. Имајќи предвид дека благодарение на гласините се менува ситуацијата на теренот, истите, за да бидат успешни, било потребно добро да се организираат и плански да се осмислат, а потоа експерти за ширење на вести, односно на гласини, успешно ги ширеле помеѓу луѓето кои се одредени како целна група.
Гласините најчесто се користеле за време на војни, но и во услови на економски и на политички кризи, природни катастрофи и елементарни несреќи како што се земјотреси, поплави, пожари, терористички акти и слични дејства. Денес гласините немаат државна, етничка или религиска граница и истите успешно се користат од разни актери за остварување на политички, воени или економски интереси. Гласините се инструмент за водење на специјална војна против државите или други актери, но се и средство за справување со сите оние кои можат да претставуваат пречка за реализација на планот. Гласините ги истражувале социолози, психолози, политиколози, правници, аналитичари и воени експерти и дојдено е до една прифатлива дефиниција за тоа што се гласини. Па, така, усвоено е дека гласините се специфични тврдења коишто се засноваат на верување, имаат карактеристика на брзо пренесување и предизвикуваат општ интерес, но истите не се потпираат на евидентни факти, односно нивната вистинитост не може непосредно да се провери.

## Психолошки операции

Психолошките операции ги дефинираме како селектирани информации и индикатори наменети за одредена публика, со цел да влијаат на нивните емоции, мотиви, морал и желби, а истовремено да влијаат и на однесувањето на државните и недржавните актери, како и на индивидуалците.
Психолошките операции се делат на три категории: стратегиски, оперативни и тактички психолошки операции. Стратегиските психолошки операции долгорочно се дизајнираат за креирање глобален амбиент за спроведување на другите фази од психолошките операции.
Оперативните психолошки операции се спроведуваат на среден рок и имаат цел да поддржат регионални кампањи и да го креираат просторот каде што ќе се изведуваат тактичките-психолошки операции. Тактичките-психолошки операции се практично извршување на сет од мерки, постапки и техники за остварување предност на теренот каде што се изведуваат операциите.
Сите три категории се циклус кој не завршува со изведување на тактичките операции, туку продолжува со ново креирање на стратегиски психолошки операции во поширока зона на изведување операции. За таа цел ќе наведам неколку примери каде низ војничка призма ќе ги разгледаме ефектите на психолошките операции на бојното поле на оперативно и на тактичко ниво, а во следните броеви ќе говорам за психолошките операции во дигиталната сфера, односно во сајбер-просторот и во економијата (студија на случај за кинескиот Хјуавеи), за да се види импактот од делувањето на психолошките операции на стратегиско ниво.

## „Пустински штит“ и „Пустинска бура“

По ирачката инвазија на Кувајт во 1990 година следеа најскапите воени



Оперативните психолошки операции се спроведуваат на среден рок и имаат за цел да поддржат регионални кампањи и да го креираат просторот каде што ќе се изведуваат тактичките-психолошки операции. Тактичките-психолошки операции се практично извршување на сет од мерки, постапки и техники за остварување предност на теренот каде што се изведуваат операциите

кампањи по Втората светска војна, „Пустински штит“ и „Пустинска бура“. За таа намена беше ангажиран PSYOP-баталјон на стратегиско ниво, два PSYOP-баталјони на тактичко ниво, COM-компоненти (составени од француски и британски сили), PSYOP-елементи од Турција, Египет, Саудиска Арабија и Кувајт. Нивната мисија била да се поправи сликата или имиџот за САД во зоната каде се изведувале операциите, во земјите од регионот кои ја поддржувале акцијата на сојузничките сили, како и креирање на слика при потреба од детронизација на Садам Хусеин кај неговите земји-сојузнички. За таа цел се користеле тактики и техники како што се летоци, медиуми (радио и телевизија), дисеминиција на видеокасети и слики од злодела на ирачкиот диктатор. Летоците биле дисеминирани со „F-16“ и „B-52“ преку „M-129A1“ бомба-контејнер, дизајнирана за дисеминација на вакви летоци, долж границата на Кувајт и територијата каде се воделе борбени дејства. На територијата каде се воделе борбените дејства се дисиминирале летоци со содржина за надмоќноста на сојузничката армија (Мултинационалните сили), додека во областите кои граничеле со областа на операции, летоци со содржина за потребите од демократизација на арапскиот свет, борбата против корупцијата на тоталитарниот режим на Садам Хусеин и слични содржини. Па, така, за период од 40 дена (толку траеше војната), фрлени се приближно 29 милиони летоци. Истовремено се водела и медиумска кампања на стратегиско, на оперативно и на тактичко ниво, со дисеминација на видеоматеријали (во тоа време видеокасети, кои беа особено популарни кај младите Арапи) за силата и моќта на сојузничките сили, а преку две популарни радија стационирани во Саудиска Арабија, „Abu Ali“ и „Qay-sumah“ и два „EC-130“ воздухоплови (со опрема за емитување на радио во етер), кои орбитирале во Персискиот Залив, се вршела психолошка пропаганда. Подоцна се тестирале резултатите од овие активности, при што е дојдено до податоци дека 46% од ирачката популација верувале на пораките кои биле дел од психолошките операции, а кај 34% пораките влијаеле демотивирачки. Операциите се воделе на оперативно и на тактичко ниво, за директна поддршка на трупите на терен во борбените дејства со непријателот. На тој начин се предизвикувал дефетизам и паника кај непријателските сили. Исто така, овие операции се користени за залажување на движењето и маневарот на сопствените единици. За време на овој вид операции се користел кувајтски и саудиски говорен јазик, а по тестирање на резултатите, кај 34% од испитаниците овие операции имале ефект, 18% верувале во пораката која е пратена, додека 16% од нив се предале, односно биле демотивирани за понатамошна борба.

Други индикатори кои говореле за импактот што го имале психолошките операции во поддршка на борбените дејства во Заливската војна, се масовно дезертирање на ирачките војници, уништување на сопственаото вооружување и опрема, како и формирање на „ирачки смртоносни тимови”, чија цел била спречување на дезертерите од своите редови. Психолошката пропаганда од страна на ирачката армија била скромна и едноставна. Тоа биле летоци фрлени на теренот, и тоа во неколку форми. На првата форма на леток била илустрација со Кипот на слободата



со наведната глава поради гинењето на невини ирачки жени и деца. Вториот леток бил со закана за виетнамско сценарио. Третиот леток бил со содржина дека војната се води заради саудиските шеици и цената на нафтата. Односно, на летокот имало слика од саудиски шеик со две млади девојки, алкохолен пијалок и храна, а доле имало натпис „Дали за ова

видат крајот на војната", мислејќи на тоа дека ниедна војна не завршува со замолкнување на топовите, туку само ги менува инструментите и тактиките на војување.
Психолошките операции не можат да победат, но можат да имаат значајно влијание во извојувањето на победата.

Со појавата на интернет-платформите за онлајн-комуницирање, како и можностите кои ги нудат овие социјални алатки за дигитално комуницирање, беа удрени темелите на интернет-новинарството. Благодарение на социјалните мрежи, денес лесно дознаваме за намерите, целите и идеите на поединецот или дури и за цела целна група, па аналогно на тоа, лесно може да се изведат заклучоци



вреди да се погине". Интересно е што во исто време овој слоган е користен и од страна на антивоените движења во САД.
Воедно, ирачката армија имала и летоци наменета за населението од регионот, каде што на летоците имало пораки за хегемонијата на Западот и западната култура, како и дека војната се води за профит, односно за крадење на нафтените ресурси на арапските земји. Целта на овие летоци била солидаризација на арапските народи и обединување за борба против сојузничките сили.
Психолошката пропаганда, гледано низ војничка призма, се темели на „мала армија – паметно војување". Притоа, психолошките операции се несмртоносно оружје во сите војни, без разлика дали се водени со армии или, пак, во сајбер-просторот. Оттука произлегува и изјавата на Винстон Черчил, кој рекол „Само мртвите ќе го

## Советски психолошки операции

Според Сун Цу, најголема уметност во војувањето е лажењето и извртувањето на вистината за да се скрши непријателскиот отпор уште пред да започне битката.
Па, така, Ленин, во дваесеттите години на минатиот век, се спротивставувал на растечката моќ на капитализмот со формирање на ќелии во капиталистичките земји во кои се работело на психолошка пропаганда против земјата-домаќин. За таа цел се користела науката, за фаворизирање на советската научна фела, а притоа со полувистинити информации се дискредитирала вистината или напредокот на земјата-домаќин. Неговите постулати ги продолжил и началникот на Генералштабот на Советската армија, маршалот Акромевев, кој велел дека во војната треба да

се победи уште пред да започне битката. Па, така, психолошките операции биле водени и од страна на разузнавачките служби, на пример во КГБ имало сервис „А", кој бил одговорен токму за психолошки операции. Нивната главна улога била креирање на политички партии во капиталистичките земји со комунистички предзнак. Исто како и денес, и во втората половина на минатиот век, најголемата улога ја одигрувале таканаречени „opinion makers", чија цел била да влијаат на мислењето на медиокритите. Тоа биле вообичено новинари, политичари, академици, изумители, пронаоѓачи, професори, слободни уметници и интелектуалци, бизнисмени. Подоцна на агендата на КГБ беше формирање на невладини организации за ослободување на поробени нации, поддршка на сецесионизмот и слично. Исто така, Советскиот Сојуз активно работеше на психолошки операции, особено околу поддршката на низа револуционерни движења во Јужна Америка.

## Социјалните мрежи и нивната улога во психолошките операции

Со појавата на интернет-платформите за онлајн-комуницирање, како и на можностите кои ги нудат овие социјални алатки за дигитално комуницирање, беа удрени темелите на интернет-новинарството. Благодарение на социјалните мрежи, денес лесно дознаваме за намерите, целите и идеите на поединецот или дури и на цела целна група, па аналогно на тоа, лесно може да се изведат заклучоци. Така, на пример, на социјалните мрежи (Фејсбук, Твитер, Редит, Пинтерес и други) има групи, настани, активности каде со релативно евтини, дури и бесплатни алатки и софтвери за анализа и статистика, може да се предвидат резултати од некаква активност или дури и политички рејтинг на некој политички субјект. Најкарактеристична социјална мрежа е „Фејсбукот", кој претставува лавиринт или океан од милијарди информации само во еден ден, а граѓаните честопати се несвесни за големиот број информации кои ги кажуваат за себе или за поблиската околина со својата активност или неактивност.
Како такви, социјалните мрежи се идеална платформа за вршење и спротивставување на психолошките операции.

д-р Игор Гелев




# БОРБА ПРОТИВ ЛАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Живееме во време во кое информациите се брзо и лесно достапни, но процесот на проверка, дали се вистинити или не, воопшто не е лесен. Поради политичка, верска, етничка или друга припадност, луѓето им веруваат на одредени извори, без интерес да ги проверат фактите. Таквиот пристап на луѓето кон информациите во медиумите овозможува лажните вести и пропаганда да имаат голем ефект врз нашето општество.

Лажните вести се феномен карактеристичен не само за Република Северна Македонија, туку се закана која се смета за сериозна од страна на земјите-членки на НАТО и на ЕУ. Лажните вести применети во координација со активности од областа на политиката, економијата, безбедноста и други општествени карактеристики (како образование, култура и религија), се дел од хибридините закани за безбедност на земјите. ЕУ и НАТО во последните години му даваат особено значење токму во справувањето со хибридните закани и лажните вести како неизоставен дел од неа. А каде е Република Северна Македонија во таа приказна? Каква беше заканата во 2017, а која е состојбата сега?





Во периодот од 2017 до 2019 година, Република Северна Македонија е под сериозна закана на лиферување лажни вести кои се интегрален дел од хибридните закани за денешните општества. Како одговор на тоа, во согласност со подготовките за членство во НАТО и во ЕУ, Владата на Република Северна Македонија формираше работна група за градење отпорност кон хибридните закани, која е координирана од МО, а која доби задача да спроведе истражување на способностите на Република Северна Македонија и за нивно детектирање и справување




Во ноември 2017 година, на една национална ТВ од Скопје беше емитувана емисија во која како гости беа претставени лица кои се претставија како Коба Нергадзе и Залоги Кваткелија. Тие во емисијата се претставија како државјани на Грузија и поранешни припадници на безбедносните служби на Грузија, кои биле инволвирани во насилствата во Украина во 2014 година. Според нив, имале добиено задачи да ја провоцираат украинската полиција и да пукаат кон невини цивили, со цел да се предизвика отстранување од власт на Виктор Јанукович. За планирање на овие активности лицата во емисијата посочуваа дека во таквиот план биле инволвирани поранешниот грузиски претседател Михаел Саакашвили и лидерот на грузиските доброволци во Украина, Мамука Мумашвили, како и американски државјанин со име Брајан Кристофер Бојанџер. Да биде улогата на Република Северна Македонија што поголема, со претходно наведните лица, како и со Александар Ревазашвили, во 2017 година се снимале и интервјуа со овие лица од страна на италијанскиот новинар  Џиан Микалесин во Скопје. Потоа овие интервјуа за „Скриената вистина за Украина" се објавени од „Il Giornale" и на TV „Chanale 5". Оваа вест потоа е преземена и пренесувана од голем број интернет-страници на англиски и на други јазици.

Во декември 2017 година на „TV show",  „Stop Fake News" со Марко Суприн е изнесено дека информациите изнесени од Џиан Микалесин се лажни и дека истите информациите биле презентирани во јавноста од рускиот новинар  Дмитри Кисељов, поставен на државен медиум во Руската Федерација.

Исто така, Суприн изнесува дека Микалесин е новинар поврзан со крајната десница во Италија и дека лицата кои се прикажани воопшто не се учесници на настаните во Украина, како и дека во емисијата прикажана во Италија се користени снимки од Мумашвили и Бојанџер од 2016 година, додека во емисијата се зборува за настаните од 2014 година.

Во 2017 година во Република Северна Македонија немаше емисија која ќе ги негира и ќе ги објасни информациите изнесени во „Late Night Show", поврзани со сведочењата на лицата од Грузија. Но, овој настан поставува многу прашања и денес. Зошто Скопје беше избрано како место каде се спровеле овие интервјуа? Зошто била избрана токму емисијата на италијанскиот новинар Џиан? Зошто тогаш во нашата земја немаше негирање и елаборирање на овие информации? Зарем не биле прочитани анализите од други земји во кои се посочува дека покажаните документи на грузиските државјани се лажни и со очигледни грешки?

На пример, на документот покажан во емисијата на Џиан се покажува



наводна легитимација на безбедносна служба на Грузија со која се докажува дека навистина лицето-гостин во емисијата е лице кое било припадник на служба на Грузија. На покажаната легитимација има очигледни грешки и во англиските натписи пишува SECURITY SERVICE OF DEFEND, наместо SECURITY SERVICE OF DEFENCE, како и CERTIFIKATE наместо CERTIFICATE. Зарем новинарите не размислиле како Саакашвили во 2014 г. можел да командува со разузнавачите на Грузија кога тогаш не бил на власт во Грузија?
На интернет се гледа кој новинар стои зад некоја вест. Ако се пребара и се прочита за новинарите од спеменатата емисија, може да се види дека истите се многу искусни новинари. Но, исто така, нивните имиња ќе се пронајдат како новинари поврзани со руската агенција „Sputnik“, но и на страницата на Katehon.com. Но, во демократска држава, слободата на новинарството не смее граѓани МОСТ – Скопје, „F2N2“, на чија интернет-страница се изнесуваат информации за лажни вести кои имаат ефект врз граѓаните на државата. Проектот е именуван како „F2N2“ ( Fighting Fake News and narratives) и секој може да прочита информации за лажните вести во Северна Македонија т.е. какви лажни вести се шират, кој е изворот и каде се шират истите, но и факти за вистината на страницата f2n2.mk. Обично лажните вести најпрво се објавуваат на интернет-страници, а потоа се шират преку социјалните мрежи. На страницата на проектот „F2N2“, прикажани се социјалните медиуми за кои се наведува дека шират лажни вести, а се појавуваат и Facebook-профили на новинари.
Сведоци сме и дека Армијата воопшто не е поштедена од пласирање лажни вести. Една таква вест е веста дека на вежбата „Decisive strike 19“ ќе учествуваат и бомбардери на САД „Б-1Б“. Повторно како извор дека се формирани доброволни одреди од лица од АРМ/МВР, кои се ставиле под команда на т.н. „Народно собрание“. Анонимниот автор, кој е автор на статијата, изнесува дека постојат два одреди на доброволци кои дури и извршиле акција за уништување на трафостаница на МВР и една диверзантска акција. После оваа очигледна лажна вест, истата интернет-страница упати и повик за напуштање т.е. за дезертирање на безбедносните сили на државата.
Од наведените примери очигледно е дека во периодот од 2017 до 2019 година, Република Северна Македонија е под сериозна закана на лиферување лажни вести кои се интегрален дел од хибридните закани за денешните општества. Како одговор на тоа, во согласност со подготовките за членство во НАТО и во ЕУ, Владата на Република Северна Македонија формираше работна група за градење отпорност кон хибридните закани, која е координирана од МО, а која доби




да се стави под прашање ниту, пак, се става под прашање во последните три години.
Во 2019 година, Северна Македонија покажува и зголемена свест за заканата од лажни вести. Министерствата ги следат лажните вести и објавуваат деманти, како и информации и факти за вистинската состојба. Понатаму, некои од таквите деманти, дел од новинарите сами ги демантираат информациите изнесени во нивните емисии.
Друга значајна промена во државата е проектот на Здружението на на оваа вест се јавува „Sputnik“, но овојпат на српски јазик (rs.sputniknews.com), а за извор на информацијата се посочува воениот аналитичар од Србија, Александар Радиќ. Веста потоа била пренесена преку b92.net, а потоа и на два портали во Република Северна Македонија. Освен овој пример наведен на f2n2.mk, Армијата и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во континуитет се изложени на изнесување лажни информации. Една од нив беше веста изнесена во јануари 2019 година, задача да спроведе истражување на способностите на Република Северна Македонија за нивно детектирање и справување. Ангажманот на работната група треба да понуди одговори за можностите на државата во справување со хибридните закани, а со тоа и со лажните вести. Сепак, клучно е дека секој граѓанин треба да знае како се проверува вистинитоста на информацијата која се чита.
Таа одговорност е уште поголема кога си припадник на Армијата и на Министерството за одбрана.

А.И.



# Свечена заклетва

Петти јули беше прежежок јулски ден поради високите температури. За првпат, откако се дава свечена заклетва, наместо на пистата во кругот на касарната „Алексо Демниевски-Бауман“, една генерација, и тоа 38. по ред, својата свечена заклетва ја даде во салата на Војничкиот клуб.
По интонирањето на државната химна и химната на Армијата, војниците гордо исправени во првите неколку редови, достоинствено и громогласно, сите во еден глас свечено дадоа заклетва која им ја прочита нивниот командант на ЦИО, потполковник Мухамед Ибраими.
Војниците се заколнаа дека ќе ги бранат слободата, суверенoста, самостојноста и територијалниот интегритет на својата татковина и дека дисциплинирано,совесно и одговорно ќе ги извршуваат обврските и должностите како бранители на својата татковина.
Потполковник Ибраими на младите војници, прв, од свечената говорница им ја честиташе свечено дадената заклетва и им посака успешни војнички денови.
– Млади војници, вие, како и многу генерации пред вас, денес пред вашите родители,роднини. пријатели и старешини на свечен и достоинствен начин се заколнавте дека лојално, пожртвувано и доследно ќе ги извршувате обврските и должностите како бранители на слободата и независноста на својата татковина. Вие, како млади војници, во наредните три месеци при совладување на планираните содржини од обуката, ќе се соочите со огромни предизвици. За нивно успешно совладување, вашите старешини максимално ќе се залагаат да ви ги пренесат потребните знаења и вештини. Со вашето совесно и дисциплинирано однесување треба да придонесете во градењето на цврсти меѓучовечки и меѓуетнички односи. Различностите се наша традиција и наше богатство кое се негува со векови и треба да се почитува и да продолжи понатаму“, им порача потполковник Ибраими.
Тој ги информираше дека нивниот целокупен труд, успех и ангажирање ќе бидат вреднувани, и тоа ќе биде еден од елементите за понатамошна селекција на оние кои сакаат да ја изберат својата идна професија како професионални војници и старешини во редовите на Армијата.
– Како војници во наредните три месеци, Велес ќе биде ваш втор дом, затоа од сите вас барам во секое време и на секое место достојно да ја презентирате Армијата, а кон граѓаните на Велес да возвратите со почит, разбирање и несебична помош во случај на потреба“, им порача нивниот командант потполковник Ибраими.
Обраќајќи им се на нивните родители, тој потенцираше дека давањето на заклетва претставува личен чин, но чест и задоволство е и за родителите, роднините и пријателите.
– Како родители може само да се гордеете што израснавте здрави и способни млади луѓе, кои денес со гордост и достоинство ја прифатија одговорноста чесно да ѝ служат на својата татковина во редовите на Армијата. Поради тоа, дозволете ми да искажам голема благодарност што ни ги доверивте вашите синови и ќерки. Ве уверувам дека во наредните три месеци крајно совесно и одговорно ќе ја преземеме вашата родителска грижа и вашите синови и ќерки ќе ви ги вратиме збогатени со уште едно ново животно искуство“, им порача потполковник Ибраими.
Потоа следеше чинот на потпишување на свечено дадената заклетва од сите млади војници кои беа повикувани од своите старешини да пристапат кон масата за потпишување, а после овој чин добија и честитки од нивните команданти и старешини и од високите гости на Армијата и на Министерството за одбрана. На крајот на свеченоста тие се сретнаа и добија честитки и прегратки од нивните родители, браќа, сестри, роднини и пријатели. Следеше и семејното фотографирање за спомен и сеќавање на овој голем и свечен чин за паметење, а насмевката и радоста се гледаше на нивните лица.




Антоанела Димитриевска

# Карактеристики на токсичното лидерство



Лидерството е темел на секоја воена организација. Војските трошат многу пари и време за да ги обучат сите нивоа на лидерство да бидат поефикасни во работата со луѓето. Од тоа зависи исполнувањето на мисијата и смислата зошто постои војската како организација

Токсичното лидерство постои во секоја организација и се поставува прашањето дали воопшто може да се искорени. Во 2005 година американскиот полковник Денис Вилијамс направила истражување на повеќе претходни анализи со цел дефинирање на типовите на токсични лидери во американската армија врз основа на нивните лични карактеристики. Крајниот продукт бил цел спектар на токсично однесување, подредувајќи го по типови според личните карактеристики, и тоа од нефункционално до крајно нефункционално. Овој преглед би требало да помогне во препознавање и отстранување на оние лидери кои на организацијата ѝ прават повеќе штета отколку добро. Вилијамс дефинирала осумнаесет лични карактеристики кои сугерираат дека се работи за случај на токсичен лидер. Обично тие се комбинација на повеќе карактеристики кои се совпаѓаат и се надополнуваат, а правилото е колку повеќе толку полошо.

Причината за негативни особини својствени за токсична личност може да се објаснат на повеќе начини. Во 1943 година психологот Абрахам Маслов предложил теорија за хиерархија на потреби. Тој ги категоризирал човековите потреби во пирамида на пет нивоа. Првото ниво е задоволување на основните физиолошки потреби, второто ниво е потребата од безбедност, третото ниво е потребата од почит и припадност, четвртото ниво е потреба од почит и, на крај, петтото ниво е потреба од самоактуелизација. Според Маслов, човекот се движи нагоре низ пирамидата само откако ќе успее да го исполни претходното ниво. Додека добрите лидери се луѓе кои се наоѓаат на четвртото и на петтото ниво (достигнале ниво на почит и самоактуелизација), токсичните лидери се заглавени во исполнување на второто или третото ниво (потреба од безбедност, почит и припадност).





Бидејќи не ги почитуваат луѓето, тие не добиваат почит за возврат. Ова се некои од личните карактеристики кои според Вилијамс се индикатори за токсичен лидер:

1. Некомпетентност. Тоа е очигледно на прв поглед, бидејќи тешко може да се сокрие недостатокот на потребните знаења, вештини и способности за вршење на функцијата. Во војска, ова значи неспособност да се разбере мисијата и задачата и да се уочат проблемите кои треба да се надминат за нивно исполнување.
2. Нефункционалност. Поради преголемо фокусирање кон сопствените проблеми, лидерот не се фокусира доволно на организацијата, на луѓето и на мисијата. Повеќе време и енергијата троши на себе отколку на работата. Обично ако лидерот е нефункционален, целата организација не работи како што треба.
3. Неприспособливост. Оној лидер кој не е сигурен во сопствените квалитети, професионални достигнувања и начинот на кој стигнал до функцијата, не може да се приспособи во организацијата, на луѓето околу него и работата која треба да ја врши.
4. Неадекватност. Токсичниот лидер секогаш се сомнева во своите капацитети. Освен ако не е психопат, тој знае дека е неадекватен. За да се почувствува адекватен, токсичниот лидер ја гради самодовербата преку уништување на луѓето со кои работи.
5. Незадоволство. Ова е честа карактеристика, а се работи за „намќор“, кој е лут и нервозен на сите поради неуспеси или неправди кои нему му се нанесени во минатото. Не е задоволен од ништо, ниту од себе, ниту од другите. Проблемот е што го изразува незадоволството со лутина и решен е да им се одмазди на сите, дури и на оние кои немаат никаква врска со неговото минато.
6. Неодговорност. Човек што не сака да одговара за своите постапки се однесува неодговорно кон себе, кон луѓето и кон организацијата. Неодговорен лидер е токсичен лидер, бидејќи не е свесен дека неговите одлуки може да имаат негативни и долгорочни последици.
7. Неморалност. Ова се надополнува на неодговорноста и е уште полоша карактеристика, бидејќи овој лидер навистина не сфаќа што е исправно, а што не е исправно. Неговата неодговорност произлегува од недостаток на морал и тој навистина не е разбира дека греши.
8. Нерешителност. Оваа токсична карактеристика лесно се препознава. Поради недостаток на морална храброст, овој лидер не сака да презема одговорност, тој е нерешителен и тешко донесува важни одлуки. Се плаши да одлучува, да наредува и да направи каква било промена.
9. Ненаситна амбициозност. За разлика од страстната амбициозност која е позитивна карактеристика на лидерството, ненаситно амбициозниот лидер има неиздржлива желба за моќ, успех и слава и е подготвен да стори сѐ што е потребно за да ја задоволи таа желба. Овој лидер е токсичен бидејќи ја става амбицијата над сѐ друго, се „коцка“ со организацијата и со луѓето кои му се подредени. За него се вели дека е „болно амбициозен“.
10. Егоизам. Како и со амбициите, умерено и здраво его може да му помогнат на лидерот. Меѓутоа, преценетост и преувеличување на личните особини создаваат замислено его поради кое лидерот почнува да се фокусира само на себе. Егоизмот кај лидерот е нефункционална особина која ја уништува организацијата, бидејќи не може да ги согледа грешките кои ги прави.
11. Арогантност. Следно ниво на егоизмот е арогантноста, кога лидерот е толку убеден во својата супериорност во однос на другите, што мисли дека сѐ што прави е добро и позитивно. Поради заслепеноста дека е совршен, тој мисли дека никогаш не греши, не признава грешки, а за евентуален неуспех секогаш ги обвинува другите.
12. Себичност. Лидерот би требало да се грижи за своите потчинети и да ги стави нивните потреби пред своите. Себичниот лидер е токсичен лидер



бидејќи ги вреднува прво оние постапки кои се добри за неговиот интерес, а потоа на останатите и на организацијата. Одлучува и работи во однос на тоа што е корисно за него.

13. Алчност. Ова е нефункционална карактеристика кај лидерот бидејќи прави да биде безобѕирен кога е во прашање стекнување на моќ и слава. Во споредба со ненаситно амбициозниот, алчниот лидер без срам ја злоупотребува својата функција за да стекне добивка.
14. Недостиг на интегритет. Кога се вели дека лидерот нема интегритет, тоа значи дека е корумпиран, нечесен и лаже. Потчинетите немаат доверба во лидер кој нема интегритет. Недостиг на доверба во шефот е катастрофа за организацијата, посебно во војската каде што цената што се плаќа за тоа е губење на животи.
15. Измама. Токсичниот лидер обично е свесен дека неговото однесување е неприфатливо во организацијата. Поради тоа интензивно се користи со измама. Тој знае да ги сокрие неговите вистински намери и цели, бидејќи се општествено, морално и организациски неприфатливи. Знаејќи дека треба да се грижи за организацијата и луѓето, глуми загриженост и дава лажни ветувања. Ова краткорочно го прикрива неговото вистинско лице, но доволно за да направи долгорочна штета на организацијата.
16. Штетност. Оној лидер кој е екстремно нефункционален, неприспособен и незадоволен може да биде опасно штетен за организацијата. Ова се манифестира со постојана и упорна омраза кон луѓето на сметка на својата неадекватност. Штетниот лидер се граничи со психопат кој ужива во несреќата на другите. Тој тајно се радува кога неговите соработници, потчинети и претпоставени се соочуваат со неуспех, дури и кога поради тоа трпи цела организација, а со заедно со организацијата и тој самиот.
17. Злоба. Ова е едно ниво погоре од штетност. Злобниот лидер не само што ужива во несреќата на другите, туку и намерно придонесува за да направи штета, дури и кога од тоа нема никаква лична корист. Тој ужива да се одмаздува,

Во хиерархијата и низ системот се провлекуваат лидери кои поради недостиг на општествено прифатливи лични карактеристики ѝ нанесуваат долгорочна штета на организацијата. Се поставува прашањето зошто оваа појава се дозволува кога е очигледна. Решението изгледа многу едноставно, сè што треба е да се направи тест за токсичност со пополнување на чек-листа на наведените карактеристики



насекаде гледа непријатели во организацијата и е во отворена војна со нив.

18. Злоупотреба. Ова е последното и најлошо однесување на токсичниот лидер. Доколку после оваа точка тој сè уште е на функција, тогаш постои сериозен проблем во поголемата организација и нешто не е во ред со целиот систем на вреднување. Оној кој прави злоупотреба ја преминува границата на неетичност и непрофесионалност и веќе се однесува и работи незаконски. Злоупотребата е кулминација на сите претходни карактеристики. Тој е толку самобендисан, што станува нереален и мисли дека правилата и законите за него не важат. Овој токсичен лидер може да прави и кривични дела. Ова не само што резултира со штета на својата организација, туку и со компромитирање на професионалното и законско работење во очите на јавноста.

навистина веруваат во остварување на мисијата и задачите.
Сепак, постојат пропусти во хиерархијата и низ системот се провлекуваат лидери кои поради недостиг на општествено прифатливи лични карактеристики ѝ нанесуваат долгорочна штета на организацијата. Се поставува прашањето зошто оваа

Токсичното лидерство треба да се контролира и да се гледа како на повремена штета која е неопходна за јакнење на имунитетот на организацијата. Обидот да се уништи во целост може да нанесе дополнителна штета поради дефокусирање на организацијата да се занимава со нив, наместо со мисијата и задачите



Лидерството е  темел на секоја воена организација. Војските трошат многу пари и време за да ги обучат сите нивоа на лидерство да бидат поефикасни во работата со луѓето. Од тоа зависи исполнувањето на мисијата и смислата зошто постои војската како организација. Целта е преку мотивирање, инспирирање и личен пример, да се насочат луѓето кон остварување на организациските цели. Лидерството подразбира да се извлече најдоброто од луѓето, не затоа што мораат, туку затоа што сакаат и

појава се дозволува кога е очигледна. Решението изгледа многу едноставно, сè што треба е да се направи тест за токсичност со пополнување на чек-листа на наведените карактеристики. Со ваква евалуација на лидерите, во организацијата може да се идентификуваат токсичните лидери, дури и да се подредат од најмалку до најмногу токсични. Ова звучи едноставно, но како што нè учи Клаузевиц, во војната (и во војската), наједноставните работи се всушност најтешки. Токсичните луѓе се многу

добри во препознавање на истите како нив. Штом еднаш дојдат на лидерска позиција, меѓусебно се поврзуваат и си помагаат, потиснувајќи ги останатите за да се качат заедно уште повисоко. Постои голема опасност доколку една организација е водена од мрежа на токсични лидери, бидејќи подоцна ќе треба многу време за да се поправи штетата која ја направиле.
Меѓутоа, со отстранување на сите токсични лидери може да се добијат и неочекувано негативни резултати.
Ако се гледа на воената организација како на комплексен систем, како на жив организам, треба да се земе предвид дека секое радикално нарушување може да предизвика нови непредвидливи моменти.
На пример, иако на прв поглед во екосистемот многу организми се штетници, во суштина сите имаат своја корисна улога за да се држи системот во рамнотежа. Доколку ги снема паразитите, вирусите, инсектите и животните кои лачат отров, може да дојде до целосно нарушување на екосистемот. Слично на ова, и во војската мора да има по некој токсичен лидер. Истовремено, додека тој е штетен за луѓето и за организацијата, неговото однесување е корисно за да служи како пример. Некогаш е поважно да се научи како не треба да се работи со луѓе, отколку како треба. Оној кој знае како да учи од туѓи грешки, може многу повеќе да извлече од негативните искуства, отколку од позитивните.
Да можеше да се уништи токсичното лидерство, тоа прво ќе го сторeше американската армија која одамна го идентификуваше („Гугл“ покажува 23 милиони резултати ако се пребара „toxic leadership US military“).
Најверојатно, на секоја организација од време на време ѝ треба токсичен лидер, бидејќи откако ќе замине или ќе биде отстранет, таа после него станува уште посилна и поотпорна, како реакција на телото на вакцина против одредена болест. Токсичното лидерство треба да се контролира и да се гледа како на повремена штета која е неопходна за јакнење на имунитетот на организацијата. Обидот да се уништи во целост може да нанесе дополнителна штета поради дефокусирање на организацијата да се занимава со нив, наместо со мисијата и задачите. Сепак, за да се спречи ширење на заразата од токсично лидерство во една организација, потребно е почесто да се потсетуваат луѓето кои се индикатори за оваа појава.

Ѓорѓи Вељовски




# Дваесет и пет години оперативност на Скводронот на транспортни хеликоптери

Одбележувањето на јубилејот е тесно поврзано со воведувањето во оперативна употреба на хеликоптерите „Ми-17МТ“, со кои на овој ден комплетно македонска посада го направи првиот лет со хеликоптер кој носи македонски ознаки и македонско знаме. По повод овој настан, во единицата беа поканети и присуствуваа членовите на посадата кои го изведоа тој лет, а кои денес се пензионирани пилоти и техничари-летачи, но и почесни припадници на Военото воздухопловство.

## Создавањето на Военото воздухопловство

Военото воздухопловство и Противвоздушната одбрана (ВВ и ПВО) како посебен вид се формирани непосредно по формирањето на АРМ, со одлука на првиот претседател на Република Македонија, г. Киро Глигоров, на 10 јуни 1992 година. Со тоа е конституирана и Авијациската бригада во чиј состав влегуваат и другите воздухопловни компоненти. Поради воените судири во тогашната СФРЈ на територијата на Хрватска и Босна и Херцеговина, Советот за безбедност на ООН едноглсно донесува резолуција со која под ембарго за увоз и извоз на оружје и воена опрема се ставени сите Републики од поранешната југословенска федерација. Ембаргото претставува голема пречка за развојот на АРМ, како и за Военото воздухопловство за опремување и одржување на капацитетите. Со цел за задржување на капацитетите, одржување тренажа на високо обучениот и профисионален персонал (пилоти и воздухопловен персонал). Од расположивите авиони на аероклубовите во Македонија се набавени еден авион „Утва66“ и четири авиони „Утва75“. Така, со авион „Утва-75“ на 10 јуни 1992 година е направен првиот лет со македонска посада, па затоа 10 Јуни се одбележува како Ден на Военото воздухопловство во македонската армија.

> Скводронот на транспортни хеликоптери (СТХ), како дел од Воздухопловната бригада на Армијата на Република Северна Македонија, на 5 јули 2019 година во воздухопловната база „Петровец“ одбележа 25 години постоење и оперативност како транспортна воздухопловна компонента



## Создавање и опремување на единицата на транспортни хеликоптери

Авијациската бригада на тогашното ВВ и ПВО, првите воздухоплови кои ги набавува се четири хеликоптери од руско производство од типот „Ми-17МТ“. Комплетно новите хеликоптери „Ми-17МТ“ се произведени во фабриката КВЗ (Казански Вертолетни Завод) во Казан, Русија, од кои првите два слетуваат на воениот дел од аеродромот „Петровец“ на 28 јуни 1994 година. Поради претходно споменатото ембарго, хеликоптерите пристигнуваат во транспортна конфигурација, обоени во бела боја, со двојни ознаки, воени и цивилни (VAM-301 / Z3-HHC, VAM-302 / Z3-HHD, VAM-303 / Z3-HHE, и VAM-304 / Z3-HHF). Набавката на четирите хеликоптери претставува и активирање, односно ставање во оперативна употреба на тогашната 301. транспортна хеликоптерска ескадрила, која оттогаш станува носител на транспортната воздухопловна компонентна на Военото воздухопловство.

Набрзо по пристигнувањето на хеликоптерите и завршената обука на 5 јули 1994 година, за прв пат полетува комплетно македонска посада со хеликоптерот „Ми-17МТ“ (ВАМ-301 / Z3-HHC) на територијата на независна Република Македонија. Во согласност со планот на летање, на 5 јули 1994 година, од 18:00 до 18:30 часот, во лет заведен под број 7, првиот лет го изведуваат мајор Горан Здравковски, капетан Моме Стојановски и постар водник 1. класа Зоран Маљцев, (прилог слика од планот за летање).

Со овој настан се поставени темелите на единицата на транспортни хеликоптери во состав на ВВ и ПВО на Република Северна Македонија, односно од овој датум се смета дека е воспоставена полна оперативност на единицата.




По отстранувањето на ембаргото од страна на ООН за Македонија во 1996 година, четирите хеликоптери се пребоени во атрактивна воено камуфлажна шема дизајнирана од мајор Михајло Ивановски-Микс (покоен пилот на Военото воздухопловство и основач на макетарството во Македонија) и се отстранети цизвилните ознаки „Z3-XXX“.

Со појавата на внатрешната безбедносна криза во 2001 година, потребата од поголем број на транспортни и борбени хеликоптери за Армијата доведува до итна набавка на уште четири повеќенаменски хеликоптери „Ми-8МТ“. Украинските хеликоптери „Ми-8МТ“, во тоа време беа дел од украинскиот контингент лоциран во Косово и извршуваа операции за потребите на КФОР, од каде поради итноста на ситуацијата во Македонија се префрлени на аердромот „Петровец“ во март 2001 година, каде добиваат македонски ознаки (ВАМ-305, ВАМ-306, ВАМ-307 и ВАМ-308). Во тој период хеликоптерите „Ми-8МТ“, покрај транспорт за потребите на Армијата и на Полицијата, се употребуваат и во борбена варијанта со неводени ракети од 57 мм и 80 мм, како и со употреба на митралез „ПКТ 7,62мм“. Тоа е прв пат Военото воздухопловство во историјата на Република Северна Македонија да учествува во реални борбени мисии за поддршка на останатите единици на Армијата и на Полицијата.

Во истиот период единицата добива донација од Армијата на Република Грција и два хеликоптери од типот „Хјуи“ (UH-1H) за поддршка на транспортот на единиците и за медицинска поддршка. Со оваа донација, единицата за прв пат оперира со два различни типови на хеликоптери, „Ми-8/17“ – руско производство и „UH-1H“ – американско производство.

Единицата во периодот на своето 25-годишно постоење, за жал, доживува и две хеликоптерски несреќи. Првата несреќа се случува во 2001 година, кога хеликоптер „Ми-17МТ“ (рег. ознака ВАМ-301) при слетување во реонот на Попова Шапка близу Тетово, удира во столб, што резултира со уништување на хеликотерот и загуба на еден член на посадата, техничарот-летач, постар водник Драган Илиевски-Чонто, и поголем број повредени патници и членови на посадата.

Втората загуба која се случува во единицата е несреќата во 2008 година, кога хеликоптерот „Ми-17МТ“ (рег. ознака ВАМ-304) за време на приод за слетување на скопскиот аеродром, во услови на магла удира во рид близу до Катлановско Блаце, што резултира со уништување на хеликоптерот и загуба на 11 припадници на Воздухопловната бригада, вклучувајќи ја и посадата. Оваа несреќа се случува при враќање

на контингентот кој учествуваше во мировната мисија АЛТЕА во склоп на ЕУФОР во Босна и Херцеговина.

Во периодот од 1994 година до денес, единицата доживува измени на неколку називи во согласност со процесите на трансформација на Армијата. Првиот назив е 301. транспортна хеликоптерска ескадрила, назив наследен од соодветната хеликоптерска единица на ЈНА. Од 1992 година до 2001 година го носи називот Транспортна хеликоптерска ескадрила (ТРХЕ), во склоп на тогашната Воздухопловна бригада, краток период од 2001 година до 2002 година се нарекува Транспортна хеликоптерска чета (ТХЧ), за потоа да се преименува во Транспортен хеликоптерски сквадрон (ТХС) во склоп на Воздухопловниот ВИНГ на АРМ од 2002 до 2014 година. Финално, од 2014 година па до денес, во Сквадронот на транспортни хеликоптери (СТХ) во склоп на Воздухопловната бригада, командири и команданти на оваа единица биле: мајор Петре Велковски (од 1992 до 1994 година); мајор Горан Здравковски (од 1994 до 1995 година); потполковник Моме Стојановски (од 1995 до 2001 година); мајор Боре Јефремов (од 2001 до 2003 година); мајор Иле Трајков (од 2003 до 2005 година); потполковник Тони Спасовски (покоен) – од 2005 до 2008 година; потполковник Слободан Иванов (од 2008 до 2015 година); потполковник Игорчо Стоименовски (од 2015 година, сè уште активен командант на СТХ).

> Во текот на своето 25-годишно успешно работење, Сквадронот на транспортни хеликоптери извршува многубројни задачи на територијата на државата, а исто така и надвор од неа. Задачите главно се однесуваат на потребите на Армијата и Министерството за одбрана, но значаен е бројот на летови кои се извршуваат за ВИП транспорт на претседателот на државата, за високи странски делегации, за потребите на Црвениот крст и за останати државни и приватни субјекти

Во текот на своето 25-годишно успешно работење, Сквадронот на транспортни хеликоптери извршува многубројни задачи на територијата на државата, а исто така и надвор од неа. Задачите главно се однесуваат на потребите на Армијата и Министерството за одбрана, но значаен е бројот на летови кои се извршуваат за ВИП транспорт на претседателот на државата, за високи странски делегации, за потребите на Црвениот крст и за останати државни и приватни субјекти. Мисии кои редовно се извршуваат се: транспорт за потребите на Армијата, ВИП транспорт, медицински транспорт, карго транспорт (внатрешен и надворешен), мисии за барање и спасување, како и борбено барање и спасување (SAR и CSAR), мисии за евакуација на повредени (CA-SEVAC), гасење на пожари со употреба на противпожарно ведро, доставување на помош во непристапни подрачја итн.

Низ годините на своето постоење, хеликоптери и персонал на Сквадронот учествувале во голем број меѓународни вежби и мисии, како и меѓународни прелети за транспорт на луѓе и опрема.

Дел од меѓународните учества на СТХ се:

– Меѓународна вежба „Кооперативен клуч 2000“ во Констанца, Романија, во 2000 год;
– Меѓународна вежба „Cooperative Key“ во Сен Дизје, Франција, во 2002 година;
– Меѓународна вежба „Eagle SAR“ во Тирана, Албанија, во 2004 година;
– Меѓународна вежба „Cooperative Key“ во Пловдив, Бугарија, во 2003 и во 2005 година;
– Меѓународна вежба „Logical Decision“ во Папа, Унгарија, во 2010 година;
– Меѓународна вежба „Logical Decision“, во Солнок, Унгарија, во 2012 година;
– Меѓународна вежба „Adriatic strike“ во Церкље, Словенија, во 2018 година;
– Мировна мисија ЕУФОР-АЛТЕА, во Мостар и во Сараево, Босна и Херцеговина, од 2006 до 2008 година.

Сквадронот на транспортни хеликоптери продолжува и понатаму да биде столб на транспортната воздухопловна компонента на Военото воздухопловство. Тој и во иднина ќе продолжи да се развива, како во однос на персоналот, неговата стручност, компетентност и професионалност, така и во однос на воздухопловите со кои ќе оперира, нивна модернизација, зголемување на оперативните капацитети и способности и задржување на нивото на компатибилност со останатите НАТО и партнерски земји.

Кире Богданоски











# Небото е граница

Врвовите кои во текот на Првата светска војна беа војувалиште помеѓу Италија и Австрија, сега за четириесетина врвни воени алпинисти од осум држави беа место каде тие можеа и ги унапредуваа своите алпинистички способности и воедно разменуваа искуства. Воените алпинисти од Чиле, Франција, Република Северна Македонија, Словенија, Оман, Романија, Шпанија, Италија и од НАТО, по веќе разработено сценарио од страна на земјата-домаќин, извршија извежбување во тактичко искачување, летна алпинистика и јазење. Во вториот дел од „Lavaredo 2019" беше реализирана и самата вежба. Целта на вежбата беше прикажување на методи за справување со диверзантско-терористичка група на висок планински тешко пристапен премин, при што беа прикажани начини на инфилтрација по копнен пат, како искачување на вертикални правци и спуштање по фиксни линии

Десетина дена македонските специјалци, заедно со своите колеги од другите држави, ги искачуваа највисоките врвови на италијанските планини Доломити. Познатото туристичко и историско место, Tre Cime di Lavaredo – Трите врвови на Лаваредо, во периодот од 3 до 12 јули беше главна локација каде се реализираше меѓународната вежба „Lavaredo 2019"

и репелинг, како и инфилтрација по воздушен пат со хеликоптери со техниките „брзо јаже" (фастроуп) и „репелинг". Припадниците од Полкот за специјални операции, кои учествуваа на оваа вежба, беа ангажирани во делот на тактичкото искачување на дел од премините.

Учество на оваа вежба може да земат само најдобрите воени алпинисти. Причина за тоа е тежината на вертикалните препреки кои се совладуваат. Како за илустрација може да послужи фактот дека во едно дневно искачување се поминуваат 14 километри должина со висинска разлика од 700 метри или 133 ката, кога на ова ќе се додаде фактот за реткиот воздух, како и висини од 2300 метри па нагоре, доволно се доловува тежината и опасноста на оваа вежба. Алпинистичкиот тим од Полкот за специјални операции по петти пат учествува на оваа вежба, со што оваа година вежбата за прв пат е одржана на оваа локација. Претходно вежбата беше реализирана на Cinque torri. Учеството на вежбата придонесе Полкот за специјални операции и Армијата, да ги согледаат предностите и важноста на воениот алпинизам во планинските операции и да се стекнат вредни и поучни лекции.

Златко Блажески



# „ОДЛУЧЕН УДАР"






# ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Од 5 јуни до 9 јули 2019 година на армискиот полигон „Криволак“, со учество на повеќе од 2700 војници во две ротации од држави на шест вооружени сили, се одржа најголемата национална вежба „Одлучен удар”.

Вежбата, освен што го докажа цврстото партнерство и меѓусебната одбранбена соработка меѓу земјите-учеснички: Албанија, Бугарија, САД, Литванија, Црна Гора и Северна Македонија, уште еднаш покажа дека нашата армија има сила, капацитет и потенцијал, како на полето на презентација на способности, вештини, капацитети, теренски активности, така и во делот на цивилно-воената соработка.

Во рамките на вежбата „Одлучен удар” успешно се реализираа отворени денови за граѓаните низ неколку градови во Северна Македонија, и тоа: во Гевѓелија на 8 јуни , во Свети Николе на 11 јуни, во Кавадарци на 15 јуни, во Радовиш на 26 јуни , во Струмица на 26 јуни, во Битола на 29 јуни, во Гостивар на 1 јули и во Скопје на 5 јули.

На отворените денови припадниците на вооружените сили презентираа дел од борбените и неборбените возила, вооружувањето, средствата и опремата, кои беа дел од Вежбата, како и демонстрација на давање прва помош кај локалното население од страна на мобилни медицински тимови, демонстрација на боречки вештини, извлекување со хеликоптер со користење на техника „Грозд“, алпинистички вештини при евакуација на повредени цивили од висококатница, прелет на хеликоптери, пријателски спортски натпревари во кошарка и мал фудбал, донации на училиштен прибор и облека.

Бројното присуството на граѓаните на овие отворени денови, како и покажаниот интерес за оваа активност во сите градови, ја потврдија довербата која нашата армија ја има кај цивилното население, но и поврзаноста на Армијата со институционалните, локалните и цивилните структури.

Активностите низ градовите ги проследија претседателот Стево Пендаровски, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, заменик-министерот Беким Максути, државниот секретар во МО Драган Николиќ, началникот на ГШ, генерал Васко Ѓурчиновски, командантот на Полкот за специјални операции, бригаден генерал Методија Хаџи-Јанев, вршителката на должност, амбасадорка на САД, Микаела Швајцер-Блум, претставници од Амбасадата на САД и градоначалници на градовите каде што беа одржани наведените активности.

Целокупната успешна реализација на вежбата „Одлучен удар”, заедно со армиите на петте земји-сојузници во НАТО, докажа дека наштa држава и вооружените сили се компатибилни со армиите на сојузниците и воедно целосно подготвени за полноправно членство во Алијансата.

Панде Димоска

# Пиштол „М57“

Пиштолот „М57“ е развиен врз основа на советскиот пиштол „М.33 ТТ“,односно, за разлика од оригиналот, на „М57“ се модифицирани механизмот на чкрапалото, ударната игла, на крајот од бочните страни на навлаката наместо големи рецки се изработувани тесни рецки, изменето е водиштето, продолжен е ракофатот за 14 mm, а соодветно и рамката за муниција, чиј капацитет е зголемен на 9 куршуми (оригиналната рамка  прима 8 куршуми) и друго. Според класификацијата, „М57“ припаѓа во групата на класични метални полуавтоматски пиштоли и поседува SA -механизам на дејствување, односно единечна акција. Воедно, функционира со кратко брзо трзнување назад на цевката и нејзино забравување со паѓање во вертикална рамнина. Инаку, цевката во навлаката се забравува со помош на два прстенести испусти (од цевката) кои влегуваат во 2 жлебови кои одговараат на навлаката. Пиштолот е наменет за дејство до далечини од 50 m, а најдобри резултати со него се постигнуваат до далечина од 30 m. Практична брзина на стрелба му изнесува од 30 до 40 куршуми во минута. За изработка на пиштолот се користат легури на челик кои стандардно се брунираат, но постојат и верзии кои се никлувани. Единствено навлаките на ракофатот од пиштолот се изработени од пластика. Нишаните се борбени и зацврстени на жлебови од навлаката, а се приспособуваат по правец. Цевката на пиштолот се изработува со ковање, со внатрешно нарежени 4 жлебови. Командите на пиштолот се поставени само од левата страна, а тоа се копчето на утврдувачот/ ослободувач на рамката за муниција и лостот на спојницата за утврдување на навлаката. Пиштолот поседува автоматска кочница која го блокира повлекувањето на чкрапалото, кога рамката за муниција е извадена. Механизмот на чкрапалото, кој поседува единечна акција и е со отворен удирач, претставува една посебна системска целина, која при расклопување лесно може без алат да се издвои од другите делови на пиштолот. Ракофатот на пиштолот е поставен под агол од 105 степени. Металната рамка за муниција е еднoредна и поседува капацитет од 9 куршуми, а за полесно уочување на бројот на куршуми, на нејзините бочни страни се направени 8 кружни отвори. Пиштолот го користи куршумот 7,62x25 mm TT, кој поседува должина на чаурата од 25 mm и вкупна должина од 35,2 mm. Со комбинирање на овој куршум и пиштолот „М57“, е создадено многу опасно оружје, бидејќи е овозможена голема брзина и пробивност на проектилот. Односно, проектилот може да пробие панцирни елеци со заштита Ниво 1 и Ниво 2А, но и шлемови од кевлар. Максималниот дострел на проектилот изнесува 1640 метри.

Главни делови на пиштолот се: ракофатот, рамка за муниција, навлака со затворач и нишаните, цевката, чаура за водење, повратниот механизам (составен од дводелно водиште и повратна пружина) и механизмот за чкрапање.

Расклопувањето на пиштолот за чистење или основна проверка се изведува на следен начин. Прво се вади рамката за муниција и со повлекување на навлаката наназад се проверува пиштолот дали е празен (или евентуално останал куршум во цевката). Од десната страна на пиштолот, со помош на рамката за муниција, се извлекува осигурувачот во форма на виљушка, кој е наменет за осигурување на спојницата. Потоа од левата страна на пиштолот се извлекува спојницата, со што е овозможено навлаката да се извлече нанапред. Откако ќе се извлече навлаката, од неа прво се одвојува повратната пружина со водиштето, потоа чаурата за водење се ротира за 180 степени и се одвојува од навлаката. По оваа постапка овозможено е извлекување на цевката од навлаката нанапред. Последната постапка е извлекување на механизмот на чкрапалото од ракофатот. Склопувањето се врши по обратен редослед.

Од пиштолот се развиени повеќе комерцијални верзии, и тоа „М60“ за муниција од 7,62x25 mm и 9x19 mm, „М60-А“ со мануелна кочница поставена на левата страна горе од ракофатот, „М65“ и „М70-А“ со мануелна кочница поставена на левата страна на крај од навлаката за мунициите 7.62x25 mm и 9x19 mm и други верзии.

Ивица Дамески







**Објаснување на пресек сликата**
**Пресек на пиштолот „М57“**

1. Чаура за водење
2. Преден нишан
3. Цевка со калибар 7,62 mm
4. Отвор за исфрлување на куршуми/ чаури
5. Лежиште на куршум во цевката
6. Навлака со затворач
7. Ударна игла
8. Заден нишан
9. Удирач на ударната игла
10. Пружина на удирачот






11. Потиснувач на куршум од рамката за муниција
12. Пружина од механизмот на чкрапалото
13. Рамка за муниција
14. Пружина на рамката за муниција
15. Ракофат
16. Утврдувач на рамката за муниција
17. Чкрапало
18. Повратна пружина
19. Дводелно водиште
20. Чеп на водиштето

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „М57“ | |
|---|---|
| КАЛИБАР/ МУНИЦИЈА | 7,62 mm / 7,62x25 mm |
| ПОЧЕТНА БРЗИНА НА ПРОЕКТИЛОТ | 450 m/s |
| ДОЛЖИНА НА ПИШТОЛОТ | 200 mm |
| ВИСОЧИНА НА ПИШТОЛОТ | 130 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 116 mm |
| ДОЛЖИНА НА НИШАНСКАТА ЛИНИЈА | 158 mm |
| ШИРОЧИНА | 30 mm |
| ТЕЖИНА БЕЗ РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 780 gr |
| ТЕЖИНА СО ПОЛНА РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 980 gr |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 9 куршуми |



# „Canadair“

Canadair Ltd“ е стара компанија која датира од 11 ноември 1944 година како посебен ентитет од страна на владата на Канада и како производител на „летачки бродови“ за Кралските канадски воздухопловни сили. Во 1976 година, канадската влада ја стекнала „Canadair Ltd“ од американската компанија „General Dynamics“. Таа останала под државна управа сè до 1986 година. Откако компанијата доживеала рекордни загуби за време на развојот на бизнис-авионот „Challenger“, владата на Канада ја продала компанијата и станала дел од компанијата „Bombardier Aerospace“. Развојот се движи од подружница на други производители на воздухоплови, преку национализирана корпорација, сè додека не се приватизирала во 1986 година. Оттогаш станува јадро на познатата компанија „Bombardier Aerospace“.

> Хеликоптер со средна големина „Sikorsky S-76“ главно е наменет за комерцијални повеќенаменски услуги. Произведен е од страна на компанијата „Sikorsky Aircraft Corporation“

**„Canadair CL-84 Dynavert“**

Варијантата „Canadair CL-84“ (Dynavert), е дизајнирана и произведена од „Canadair“ помеѓу 1964 и 1972 година. Од овој модел биле направени само четири експериментални авиони. Два авиони од овој тип се урнале поради механички дефекти. И покрај фактот дека „CL-84“ бил успешен во експерименталните и оперативните испитувања спроведени помеѓу 1972 и 1974 година, сепак ниту еден од потенцијалните клиенти не доставил никакви нарачки за овој тип. За време на евалуација се направени вкупно над 700 летови од страна на 36 пилоти од канадски, британски и американски цивилни и воени агенции. Помеѓу 1957 и 1963, „Canadair“ спровел



истражување во технологијата VTOL (vertical takeoff and landing - вертикално полетување и слетување) со помош на Националниот истражувачки одбор и Одборот за истражување на одбраната во Канада. Единствена непозната контролна функција на која требало да се занимава пилотот била контролата на наклон на крилата. Комбинацијата на мазната аеродинамика и едноставната контрола на силата им олеснила на пилотите со фиксни крила како што е авион, да извршуваат транзиции помеѓу режимите на лебдење и другите режими на воздухопловот „CL-84“.
Во текот на војната во Виетнам, американската морнарица изразила интерес за концептот. Притоа, подмоделот „CL-84-1“ ги извршил задачите беспрекорно, демонстрирајќи разновидност во широк спектар на борбени улоги, како на пример: распоредување на војници, радарски надзор и антиподморска војна.




### „Canadair CL-215 Scooper“

Авионот „Canadair CL-215“ (Scooper) е првиот модел во серијата летачки амфибиски авиони изградени од „Canadair“ и подоцна од „Bombardier“. Тој е двомоторен, висококрилен авион, дизајниран да работи со мали брзини и во услови со големи оптоварувања, како што се, на пример, шумските пожари во текот на гасењето. Конечниот дизајн познат како „CL-215“ добил програма во февруари 1966 година, а својот прв лет го реализирал на 23 октомври 1967 година. Првата испорака била за францускaта Агенција за цивилна заштита во текот на 1969 година. Во 1987 година е најавена варијантата „CL-215T“, со подобрувања во управувањето, предизвикани од дизајнерските промени на крилата, како и вградувањето помоќни мотори. Производството на „CL-215“ напредувало во текот на пет серии, а завршило во 1990 година.

### „Canadair CL-415 Superscooper“

Моделот „Canadair CL-415“ („Superscooper“, подоцна „Bombardier 415“, затоа што првично е изграден од „Canadair“, а потоа од компанијата „Bombardier“) е амфибиски авион базиран на „Canadair CL-215“ и специјално дизајниран за противпожарната заштита од воздух.
Во текот на 1987 година, следејќи ги трендовите на пазарот кон поефикасни, помоќни и посигурни воздухоплови, „Canadair“ ја презел задачата за реновирање на 17-те летала „CL-215“ со моторите на „Pratt & Whitney Canada“, обезбедувајќи 15% зголемување на моќноста кај оригиналните клипни мотори. Дополнителните авиони се назначени како „CL-215T“ и, исто така, се опремени со многу аеродинамични и системски подобрувања, вклучувајќи контролни уреди за летање, климатизација во кабината, како и надградени електрични и авионски системи.
Врз основа на успехот на „CL-215“, компанијата го претставила моделот „CL-415“, производствена серија која започнала во 1993 година. Авионот „CL-415“ прв пат летал на 6 декември 1993 година, а првите испораки пристигнале во ноември 1994 година. Вкупната бројка на испорачани модели изнесува 86 парчиња. На 20 јуни 2016 година, „Viking Air“ го купила сертификатот за типот „CL-415“ од „Bombardier“, заедно во пакет со постарите модели „CL-215“ и „CL-215T“.
„CL-415“ има современи пилотски кабини, подобрувања на аеродинамиката и промени во системот за ослободување на водата, создавајќи модерен противпожарен амфибиски летачки брод за употреба при откривање и спречување на шумските пожари. Во споредба со „CL-215“, моделот „CL-415“ ја зголеми работната тежина и брзината, давајќи подобрена продуктивност и перформанси. Може да извлече до 6.140 литри вода од близок извор на вода, а потоа и да ја помеша со хемиска пена по желба и по потреба. Авионот е изграден за сигурност и долговечност, со употреба на материјали отпорни на корозија. За воздухопловот е потребна должина од 1.340 метри, а количината од 6.140 литри вода ја полни за време од дванаесет секунди, во должина од 410 метри и брзина од 130 км/час. За авионот ќе истакнат: „Ова е најефикасната алатка за борба против шумските пожари, клучна за организацијата на противпожарната заштита во голем број земји. Континуираните подобрувања за потребите на шумските пожари ги направија овие воздухоплови значајни, со континуирано побарувачка во текот на повеќе од 20 години“.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 2 пилоти |
| КАПАЦИТЕТ | 6.137 литри или 18 војници или 2.903 кг товар |
| ДОЛЖИНА | 20.4 м |
| ВИСОЧИНА | 9.01 м |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН АВИОН | 13.608 кг |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 19.890 кг |
| КАПАЦИТЕТ НА ГОРИВО ВО РЕЗЕРВОАРИ | 4.650 кг |
| МОТОРИ | 2 × Pratt & Whitney Canada, 2.380 КС секој од моторите |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 359 км/час |
| ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЛЕТ | 3 часа |



# „OSHKOSH M-ATV“, замената на „хамерот“

Oshkosh M-ATV“ возилата се резултат на искуствата од бојното поле. Годините на долготрајни конфликти во Ирак и во Авганистан покажаа недостатоци во заштитата од современите асиметрични закани како што се мините и импровизираните експлозивни направи (IED) на некои од возилата кои се во употреба во Армијата на САД. Особено „хамерот“, извидувачко возило/транспортер од времето на Студената војна, беше постепено заменет од страна на „новите деца“ на блокот: возилата MRAP. Со окопните ќелии и трупот во „V“ форма, неговата способноста за преживување против овие закани е мошне подобрена во однос на возилата „хамер“, направен специјално за големите отворени рамнини, особено во Источна Европа за конвенционална војна. Неколку компании се покренати за предизвикот во САД и во странство, а жанрот првично измислен во Јужна Африка, сега е широко прифатен како суштинска компонента на заштитената мобилност во слични области на конфликти од низок интензитет ширум светот.
Во текот на летото 2008 година, Министерството за одбрана на САД ја разгледа можноста за воведување на полесна, MRAP-варијанта за сите





теренски услови. Дотогаш возилата „Buffalo“ и „Cougar“ го формираа суштинскиот дел од американските MRAP-возила кои се мошне тешки, без агилност и брзина. Единствените лесни возила кои беа во служба беа од јужноафриканско потекло, како што се „RG-31 Nyala“. Овој нов модел требаше да биде приспособен за „сиромашните“ патишта и екстремни терени во Авганистан. Дваесет компании се јавија на предизвикот и Министерството за одбрана на САД ги разгледа предлозите од август 2008 година до средината на ноември истата година. Новиот модел е наречен „M-ATV“ за „MRAP-All Terrain Vehicle“. Целта беше јасна, да се задржи нивото на заштита на возилата „MRAP“, притоа враќајќи ја агилноста и брзината со полесни возила. Конкретно, неговата цел беше да ги замени возилата „M1114 HMMWV“ со попопуларниот Хамер. Програмот предвидуваше дури 10.000 возила на подолг рок, со првична веројатна нарачка на повеќе од 2080 возила.

Во март 2009 година задржани се 6 предлози, а испорачаните прототипови се тестирани два месеца. На крајот требаше да се испорачаат пет договори на неопределена достава/неопределена количина ID/IQ (Indefinite Delivery/Indefinite Quantity). Конкурентите на „Oshkosh“ беа „BAE Systems the Joint Light Tactical Vehicle (JLTV)“ и „FMTV-based Caiman“ дериватите, „Force Dynamics (GDLS)“ го поднесоа нивниот „Cheetah“, „GDLS-C (Canada) со локалниот „RG-31“ дериват и „Navistar“ со MXT-производното возило. На 30 јуни 2009 година Министерството за одбрана на САД објавија дека „Oshkosh“ е финален понудувач и му го доделија договорот. Причините на кои се повикуваа за тоа беа возило кое е понудено со најдобра способност за преживување, и беа втор најевтин модел од понудените.

Семејството на возила „Oshkosh Defense MRAP All-Terrain Vehicle (M-ATV)“ располага со низа на конфигурации на возила за широк спектар на побарувања за мисии, структура на сили и закани

Корпорацијата „Oshkosh“ од „Oshkosh“, Висконсин, за прв пат беше финансирана во 1917 година од Вилијам Бесердич и Бернхард Мослинг како компанија „Duplex Auto Company“, специјализирана за тешки товарни возила со погон на четири тркала, особено познати како „Old Betsy” и нејзиното масовно производство, дватонскиот модел „A“. Во 1950-тите години го лансираа моделот „50-50 W“ – камион за крајбрежната стража и тешките трактори за влечење на авиони како што се „C5 Galaxy“. Првиот воен договор кој го добија беше во 1975 година за транспортерот за тешка опрема „M911“. Ја победи конкуренцијата во 2009 година за „M-ATV“ но, секако, на 25 август 2005 година му беше доделена многу профитабилната програма на здруженото лесно тактичко возило на војската на САД (U.S. military’s Joint Light Tactical Vehicle), со цел да се замени возилото „хамер“ и да се произведат повеќе од 50.000 возила. Компанијата го прошири своето работење во 8 држави на САД и во Австралија, во Белгија, во Канада, во Кина, во Франција и во Романија.

Првата нарачка изнесуваше околу 1 милијарда американски долари за 2.244 возила „M-ATV“ и беше зголемена на почетокот од јуни на 5.244 „M-ATV“ возила, од кои 2. 598 возила за армијата, 1.565 за USMC, но исто така 643 за US Spec Ops Command, 280 за воздухопловните сили и 65 за морнарицата, плус 93 за долгорочни тестови и процени. Во ноември 2009 година, 1000 возила ја напуштија фабричката линија, а еден месец претходно, првите возила пристигнаа во Авганистан. Производствениот капацитет беше приспособен на 1.000 возила месечно, половина од тоа беше преземено од страна на „JLG telescopic handler facility“, компанија од McConnellsburg, Пенсилванија, која беше погодена од рецесија.



Возилата „M-ATV“ се резултат од шасијата од „Medium Tactical Vehicle Replacement (MTVR)“, комбинирани со TAK-4 суспензија и во врска со „Plasan“ дизајнот на оклопно тело во „V“ форма (веќе развиено на првичниот предлог на „Northrop Grumman/Oshkosh JLTV TD“). Оклопот во „V“ форма нуди целосна заштита од IED напади. Покрај тоа, постои централен систем за надувување на гумите со „run-flat“ инсерти кои овозможуваат опсег од 50 км со брзина од 50 км/ч со две издишани гуми. Освен тоа, погодокот од куршум во моторното масло/течноста за ладење/

хидрауличниот систем нема фатално дејство, бидејќи возилото уште е способно да вози надвор од опасноста, најмалку уште еден километар. Моторот е опремен со систем за супресија на пожар „Stat-X“. Целосно независната ТАК-4 суспензија се состои од спирални пружини (16 во тек). Тука е и преградата со централниот оддел за екипажот, четири врати од типот „suicide doors“, кои се отвoраат од задната страна и мали непробојни „bulletproof“ прозорци, купола монтирана на кровот и заден простор за складирање. Куполата може да биде опремена со митралез „M240, Mk 19 grenade launcher“, „M2HB Browning“ тежок митралез, MILAN или BGM-71 TOW ATGM.



Без разлика дали флотата има тесно дефинирани мисии или експанзивни тактички барања, силите можат да бидат опремени со соодветни варијанти на „Oshkosh M-ATV“ возила за да ги задоволат тие специфични потреби, а сепак да имаат корист од заедничката платформа и компонентите

Во конфигурацијата со заштита на нишанџијата OGPK (The Objective Gunners Protective Kit), таа е речиси целосно затворена за максимална заштита. Како алтернатива на оперирање со куполата од страна на човек, таа може да биде и далечинско управувана од внатрешноста на кабината, благодарение на CROWS RWS. Има контрола на влечење, антиблок-систем. Внатрешноста има удобности како што е системот „HVAC - Heating, ventilation, and air conditioning“ и приклучоци за полнење на преносните електронски уреди.

Возилото „M-ATV“ се напојува со „7.2 liter inline-6 Caterpillar C7 turbodiesel“, мотор кој развива 370 bhp или вртежен момент од 925 lb-ft за однос сила и тежина од 25 hp/ton. Поврзан е со автоматска трансмисија со шест брзини „Allison 3500SP“. Има максимална брзина на движење од речиси 105 км/ч со електронски регилатор/ограничувач. Тежината на возилото е 12,5 тони, но може да носи 1800 кг товар во задниот дел за складирање.

Карактеристики и спецификации на „4×4 M-ATV“: должина: 6,24 метри;широчина: 2,49 метри; висина: 2,67 метри; тежина 14,742 тони; посада: 1 + 4; вооружување: далечински контролирана вооружена станица со митралез до 12,7 мм; мотор: 7.2l 6-cyl Caterpillar C7 TD 370 bhp; суспензија: Independent suspension TAK-4; оперативен дострел: 515 км; максимална брзина: 105 км/ч; оклоп: „Plasan Composite MRAP Mine Resistant Ambush Protected“.

Варијанти: стандардни фабрички варијанти на ова возило се следните: M-ATV Standard Base (SXB); M-ATV Standard Upgrade (SXU); M-ATV Standard Special Forces (SXF); продолжени (long wheelbase) за поголем капацитет; M-ATV Extended Intervention (EXI); M-ATV Extended Engineer (EXE); M-ATV Extended Command (EXC).

Воени варијанти: „M1240“, опремена со OGPK (The Objective Gunners Protective Kit), подваријанта „M1240A1“, опремена со комплет за подобрување на подвозјето (Underbody Improvement Kit -UIK); M1277: опремена со M153 CROWS (далечински контролирана вооружена станица), подваријанта SOCOM, означена како „M1245“ и подваријантата „M1245A1“, кога е опремена со UIK. После „пензионирањето“ од Авганистан, околу 7.000 „Oshkosh M-ATV“ возила од флотата требаше да бидат задржани активни и 5.651 возило внатре низ армијата. Целата флота ќе биде на





Возилата „M-ATV“ се резултат на шасијата од „Medium Tactical Vehicle Replacement (MTVR)“, комбинирани со ТАК-4 суспензија и во врска со „Plasan“ дизајнот на оклопно тело во „V“ форма (веќе развиено на првичниот предлог на „Northrop Grumman/ Oshkosh JLTV TD“)

реконструкција од страна на „Oshkosh“ и на депото на армијата „Red River Army Depot“ до заеднички стандард. Првиот договор за 500 возила им беше доделен во август 2014 година, како и три дополнителни договорни опции за 300 возила во декември истата година, во вредност од 77 милиони американски долари. Испораките беа завршени во септември 2015 година. Возилата кои беа вратени требаше да се надоградат на стандардот (LRIP) „22“ за ниска стапка на првично производство до крајната производствена серија „M-ATV“: комплет за подобрување на подвозјето UIK, подобрен автоматски систем за гасење на пожари (AFES), предлози за инжинериски промени за акустичен редуктор за пригушување на сигналите, подвижен систем за складирање на муниција и некоја релокација на опрема, опремена од владата.
Покрај гореопишаните стандардизации, „Oshkosh“ работеше и на други модификации и проширувања на „M-ATV“ можностите. Системот „TerraMax“, кој беше најавен во 2013 година, треба да се претвори во теренски возила без возачи кои служат за расчистување на патот и против IED-мисии на инженерците. Тука е и верзијата „Extended Wheel Base Medical (EXM)“ со преработен ентериер и приспособена внатрешна конфигурација за двајца пациенти згрижени во лежечка состојба, двајца амбулантни пациенти, доктор, командир и возач. Пристапот до опремата е многу лесен за централно поставениот доктор.
Во соработка со „Alliant Techsystems“, варијантата „2M230LF 30 mm chain gun“ направи демонстрација во гаѓање, што покажа подобрена прецизност кога е монтирана R400S-Mk2-далечински вооружената станица. Варијантата „6×6 technology demonstrator“ е претставена во октомври 2015 година, наменета за трупи од 8-12 војници. Има поголем капацитет на носивост, со ТАК-4 независна суспензија, погон на сите тркала и максимална брзина од 105 км/ч за максимална тежина од 21 тон.
Досега над 10.000 возила се пријавени на служба во сите гранки на америиканските воени сили. Многу од нивното заминување во пензија се надградени и реновирани до најновиот стандард и сè уште траат.



Овие модификации беа засновани на некои критики покренати во текот на операциите: уште се многу тешки, тесни, склони кон моторни и механички грешки. Програмот „Joint Light Tactical Vehicle (JLTV)“ беше лансиран и доделен во август 2015 година на „Oshkosh“ за „L-ATV“ – лесни возила за сите видови на терен, кои вклучуваат лекции по дизајнирање од M-ATV во операциите. Во основа, оваа варијанта е 2/3 полесна и многу побрза на теренот.
Освен американските сили, главно, „M-ATV“, користат и Обединетите Арапски Емирати (800 возила), а некои од нив се дадени на елитната претседателска гарда, Саудиска Арабија, 450 возила беа нарачани и испорачани во 2013 година, вклучувајќи ја и варијантата со големо растојание меѓу оските, Хрватска, 162 возила беа донирани од Владата на Соединетите Американски Држави во 2014 година, 15 се користат од командата на хрватските специјални сили (SFCOM), останатите од страна на командата за поддршка (SCOM). Во јануари 2015 година беше објавено дека САД му донираат на Узбекистан 308 оклопни возила „MRAP“, меѓу кои има и 159 „M-ATV“ со подобрено подвозје UIK, мировните сили на Африканската унија во 2015 година добија 20 возила за замена на старите „Casspirs“ во Сомалија, полските специјални сили, исто така, во 2015 година добија 45 возила. Испораката на возилата беше спроведена во рамките на програмата „Excess Defense Articles program“, стандарден начин на кој војската на САД им ја дава вишокот на опрема на сојузниците. Во јуни 2016 година фотографиите објавени од страна на Министерството за одбрана на Ирак, ги покажаа возилата „M-ATV“ со ирачките сили за специјални операции, познати како Единица за борба против тероризмот, како напредуваат кон север во операцијата против Исламската држава во повторното заземање на градот Мосул.

Идриз Идризоски



# Автоматска пушка ШАК-12

## Ново чудо на руската воена индустрија

Дали постои огнено оружје што може да го погоди непријателот кој се крие зад некој ѕид во зграда или позади оклопна заштита, или дали е можно безбедно да се совлада терорист „напумпан“ со анестетички психотропни лекови, сето тоа во автоматски режим?! Да, има! Дозволете ни да ви ја претставиме автоматската пушка ШАК-12, која ја користат руските специјални сили, а која американските медиуми веднаш ја нарекоа „супер оружје“

ШАК-12 е автоматска пушка со голем калибар која е направена по налог на Федералната служба за безбедност (ФСБ) и која овозможува моментална неутрализација на противникот. Тоа е оружје кое е наменето за антитерористичките единици за изведување на операции во ограничен, затворен простор, какви што се станбените единици и индустриските објекти. Основна задача на оваа автоматска пушка е брзо и ефикасно уништување на терористи, дури и ако се засолнети или носат панцири.



ШАК-12 (кратенка од „штурмовой автоматный комплекс“) е многу ефикасна во блиска борба и во затворени простории, особено кога се во прашање ситуации со поголем број на заложници. Автоматската пушка АШ-12 - „срцето“ на новиот модел, била чувана во тајност подолго време. Таа била претставена на јавноста во 2011 година само на една изложба во Москва. Тоа било големо калибарско, целосно автоматско оружје во калибар 12,7×55 mm и пукало во единечен и целосно автоматски режими со дострел од 200-400 m. Кога информациите за овој производ протекле во јавноста, тој конвенционално било наречено како автоматска верзија на снајперската пушка “Vykhlop”, што, благо речено, било неточно. Навистина, при нејзиното создавање, бил усвоен дизајнот на снајперската пушка: на пример, го користи истиот куршум од 12,7×55 mm, истата булпап-конфигурација, па дури и изгледа како пушка, но само толку од сличноста, додека разликите се огромни! Како прво, снајперската пушка не била автоматска пушка, а ШАК-12 е автоматска пушка со сосема поинаков принцип на работа. Она што всушност, ги прави толку тесно поврзани е фактот дека тие биле создадени како единствен систем на оружје, нарачан од Центарот за специјални операции на Руската федерална служба за безбедност. Таа е родена од трагично искуство. Имено, спецификациите за техничкиот дизајн за овие модели биле создадени од страна на Централното биро за дизајн и истражување за спортско и ловечко оружје по терористичкиот напад врз училиштето во Беслан и московскиот театар „Дубровка“.  Како што е потврдено, адреналинот и одредени наркотични средства можат да потиснат болка која настанува како последица на ранување од огнено оружје. Во такви ситуации, иако смртно ранет, терористот може да продолжи да пука или да активира експлозивна направа. Често пати, тие неколку „дополнителни“ секунди се фатални за заложниците. Специјалните сили, врз основа на искуството од оваа операција, сакале да добијат оружје способно за да нападнат непријател кој би бил заштитен со тежок оклоп или е засолнет. Покрај високата пенетрирачка моќност, новиот модел требало да има и висока моќ на запирање.



Автоматската пушка ШАК-12 е целосен систем кој, покрај големата калибарска муниција вклучува и разни додатоци за оружје. Да почнеме со муницијата. За разлика од снајперската пушка „Vykhlop”, муницијата 12,7×55 mm кај ШАК-12 добила малку поинакво полнење. Зрната се пократки и имаат заоблен врв, затоа што тоа е неопходно за да се постигне подобар ефект на запирање. Високиот степен на безбедноста за трети лица се овозможува со дозвучниот куршум со калибар 12,7x55 mm кој постигнува значајни вредности на запирачка моќ на блиско растојание. Но, на поголемо растојание овој куршум рапидно губи енергија и со самото тоа претставува помала опасност за генерирање на таканаречената „ненамерна штета“. Оваа муниција која се произведува во различни варијанти и во зависност од видот на куршумот, веднаш го неутрализира терористот, дури и ако е позади sид или носи панцир. Нејзиниот ефективен дострел изнесува од 100-300 метри. До денес, се знае за три различни видови на куршуми. Првиот тип е куршумот 12,7x55 mm ПС-12Б со панцирно зрно со тежина од 18 грама и ефективен дострел до 300 метри. Зрното има челично јадро внатре и е дизајнирано да погоди цели заштитени со некој оклоп или засолнети зад некоја пречка.

Автоматската пушка ШАК-12 е целосен систем кој, покрај големата калибарска муниција вклучува и разни додатоци за оружје. Да почнеме со муницијата. За разлика од снајперската пушка „Vykhlop», муницијата 12,7×55 mm кај ШАК-12 добила малку поинакво полнење. Зрната се пократки и имаат заоблен врв, затоа што тоа е неопходно за да се постигне подобар ефект на запирање



Според некои извештаи, таков куршум може да пробие лим од челик дебел 16 мм или балистички елек од класа 5. Вториот тип на муниција е куршумот 12,7x55 mm ПС-12 со тешко дозвучно зрно со тежина од 33 грама и ефективен дострел до 100 метри. Куршумот има тешко оловно зрно со подзвучна брзина и е наменет за придушено пукање при користење на придушувач. Третиот тип на муниција е куршумот 12,7x55 mm ПД-12 со две зрна, од кои секое е тешко 17 грама и ефективен дострел до 100 метри и куршумот 12,7x55 mm П-12А со ултралесно зрно со тежина од 7 грама чие јадро е составено од легура на алуминиум и ефективен дострел до 200 метри. Алуминиумското зрно, кое има експанзивно дејство, обезбедува зголемен ефект на запирање. Токму овие куршуми треба да ги сопрат борците кои се под влијание на лекови или некои моќни психотропни супстанции кои го зголемуваат нивниот праг на болка. Не е тајна дека некои терористи практикуваат употреба на лекови, поради што нивните физички способности се подобруваат, а телото станува нечувствително на болка, дури и кога трпи критично оштетување. Постојат познати случаи кога дрогираните militанти биле погодени во телото со неколку куршуми со калибар 5.45 mm или 7.62 mm и продолжиле да се борат уште 20-30 минути додека не умреле од искрвавување. Ефектот за запирање на јуришните пушки не е секогаш доволен, а понекогаш и куршумот едноставно може да го пробие телото. Креаторите на големата калибарска муниција од 12,7×55 mm го решиле овој проблем на свој начин. Зрното има голема површина и кога е забрзан со масовно полнење од барут, на телото пренесува енергија толку моќна што целта едноставно паѓа. Покрај тоа, овој тип на муниција, исто така, има експанзивен ефект кој ја зголемува областа на применета енергија, што повеќекратно го засилува ефектот на запирање. Муницијата за ШАК-12 е сместена во рамки со капацитет од 10 или 20 куршуми.

Различни видови на муниција и различната природа на задачите подразбираат користење на разни уреди за пригушување поддржани од ШАК-12. Постојат четири типови на такви уреди, кои се разликуваат по големина и функционалност. Најкомпактните ја извршуваат функцијата на скривач на пламенот или тактички придушувач и обезбедуваат незначително амортизирање на звукот и блесокот до ниво кое го попречува визуелното и акустичното определување на локацијата на корисникот. Таквите уреди се препорачуваат да се користат при спроведување на нападни операции во затворени простори. Најголемите уреди ја извршуваат функција на придушувач кои се користат заедно со подзвучна муниција во ситуации каде што корисниците не се ограничени со тесни простори и задачата бара тајна работа, вклучително и во ноќни услови. Пукањето од автоматската пушка ШАК-12, доколку е потребно, исто така може да се изврши без никакви додатоци на цевката, но, секако, во тој случај, татнежот и блесокот ќе бидат огромни. Употребата на муниција со различни функционални способности диктирала мошне необичен дизајн



на автоматската пушка ШАК-12. Најчеста шема за дизајн усвоена кај автоматските пушки и која се користи во целиот свет е пренасочувањето на барутните гасови на клипот во гасниот цилиндар. Но, овој дизајн не обезбедувал стабилна работа со муниција со различни енергетски својства. Затоа, креаторите на пушката морале да бараат други технички решенија. Како резултат на спроведените студии, било констатирано дека оптималната шема на дизајнот ќе биде автоматски систем со употреба на повратната енергија со кратко повратно дејство на цевката. Прилично необично решение, имајќи предвид дека ова е типично за мало оружје кое користи пиштолска муниција. Меѓутоа, ова техничко решение овозможило стабилно функционирање на моделот. Со цел да се создаде автоматска пушка со голем калибар и да биде колку што е можно покомпактна и лесна, дизајнерите, како и во случајот на снајперската пушка „Vykhlop", употребиле булпап-конфигурација, во која рамката за муниција се наоѓа зад ракофатката, не пред неа. Благодарение на ова, ШАК-12 има должина од само 675 mm и тежина од 5,2 kg, што, за оружје од таков калибар, е многу добро.

За да се олесни тежината, поголемиот дел од рамката на автоматската пушка е изработена од полимер отпорен на удари, а останатите делови се изработени од алуминиум. ШАК-12 има четири „Пикатини" шини. Најдолгата, која е изработена од челик е на горната страна и може да се користи за закачување на колиматорски и оптички нишани, но и на друг современ прибор што ја зголемува нејзината ефикасност кога станува збор за прецизноста. За манипулација со автоматската пушка од долната страна на автоматската пушка, исто така е монтирана „Пикатини" шина на која може да се додаде предна тактичка рачка, ласерски маркер, батерија и слично. „Пикатини" шините се додадени и на страните на оружјето, од едната и од другата страна на цевката на пушката, со што се зголемува местото за рекорден број додатоци кои можат да се интегрираат заедно со автоматската пушка. По објавувањето на првите информации за ШАК-12, многу експерти изјавиле дека автоматска пушка со таков калибар ќе има огромно повратно дејство. Автоматската пушка ШАК-12 е едно од ретките оружја што може да пука тешки 12,7 mm куршуми во автоматскиот режим на оган.



Идејата за таква муниција не е нова. Куршумите .50 „Beowulf" и .450 „Bushmaster" веќе се произведени за модернизираните верзии на карабините АР-15. Но, овие куршуми за „пушки за слонови" имаат пократка должина на зрното, помала количина на барут, а нивниот дострел е околу

Автоматската пушка ШАК-12 е едно од ретките оружја што може да пука тешки 12,7 mm куршуми во автоматскиот режим на оган

180 метри, додека за куршумите со калибар 12,7×55 mm ова е просечната работна далечина на која куршумот ги задржува сите свои балистички својства. За разлика од рускиот модел, оружјето кое ја употребува горенаведената американска муниција не е погодно за вршење на борбени мисии и се користи само за спорт или за лов. Руските автоматски пушки одамна на меѓународниот пазар се здобиле со слава како оружје кое е сигурно и лесно за употреба и кое ги задоволува современите барања. Порано конструкторите оделе по пат на унификација – исто оружје се користело во борба, како на кратки така и на поголеми растојанија. Денес, во услови кога непријателот користи нови видови оружје, кога е потребно ефикасно да им се одговори на терористите и да се влезе со нив во борба на блиски растојанија, потребно е ново ефикасно оружје. Автоматската пушка ШАК-12 е идеално оружје за водење на антитерористички и други воени операции во населени места, во згради и објекти, при што главен приоритет е да се обезбеди максимална безбедност на цивилите. Таа треба да им овозможи на специјалните единици да се борат уште поефикасно и со помалку загуби.

Александар Стојчевски



# Проверка на психофизичките способности

По повод 67-годишнината од основањето на Организацијата на резервните офицери на Р. Северна Македонија (ОРОРСМ), во Тетовскиот регион се одржа регионален кондиционо-рекреативен марш. На оваа еднодневна обука учествуваа 60-тина резервни офицери и подофицери од 5 ООЕ на ОРОРСМ (Скопје, Тетово, Прилеп, Кичево, Демир Хисар), како и претставници на Здружената оперативна команда (ЗОК) и на Командата на резервните сили. Маршот се реализираше на релацијата: манастирски комплекс Лешок – с. Варвара во должина од 4 км, при што беше совладана висинска разлика од 150 метри. На почетокот, пред манастирот „Св. Атанасиј" и „Св. Богородица" во Лешок, поздравни обраќања до учесниците имаа: Зоран Кироски, претседател на ООЕ на ОРОРСМ во својство на домаќин, и градоначалникот на Општина Теарце, Исен Асани, кој притоа го нагласи задоволството од практикувањето на ваквите содржини во функција на јакнење на одбраната на Р. Северна Македонија. Старешината на манастирот, игуменот Теодосиј Крстевски, нè информираше дека ова духовно светилиште е изградено во 14 век, кога и започнал монашки живот. Притоа, тој истакна дека најсветол период за манастирот е времето кога тука престојувал Кирил Пејчиновиќ и 1901 година кога е изграден манастирскиот конак. Учесниците на маршот имаа ретко убава можност, движејќи се низ



прекрасниот шумски предел во подножјето на Шар Планина, да ја проверат својата психофизичка состојба.
Во с. Варвара, на учесниците им се обратија Љупчо Вуксанов (претседавач на Собранието на ОРОРСМ) и д-р Гоце Георгиев (член на Работното тело). Вуксанов го нагласи придонесот на Организацијата во јакнењето на одбранбениот систем, соработката со МО и ГШ на АРСМ, реформските процеси и програмските определби во едукацијата и обуката на членството во согласност со стандардите на НАТО и CIOR. Д-р Гоце Георгиев презентираше куса информација за учеството на претставниците на ОРОРСМ на работниот договор на асоцијацијата ГАМИНГЕР-иницијатива, што се одржа во Полче, Р. Словенија, на која, тој ја презентираше темата „Нов концепт на резервните сили на Р. Северна Македонија". Ова еднодневно дружење заврши со заеднички ручек во с. Варвара, коешто се наоѓа на 850 м.н.в.

# Успешни реформски процеси

Во фокусот на вниманието на 8. седница на Собранието на ОРОРСМ, што се одржа на 1.јули во Скопје, беа повеќе актуелни прашања во врска со остварените активнсоти на Организацијата во 2018 година, како и приоритетните задачи во 2019 година. Во врска со рекапитуларот на оствареното во 2018 година, на седницата, дел од членовите на Собранието имаа и критички дискусии во врска со менаџирањето на ОРОРСМ во 2018 година. Во однос на ангажирањето на членовите и на органите и телата на Организацијата во првата половина на 2019 година, актуелниот претседавач на Собранието, Љупчо Вуксанов, даде позитивна оцена за започнатите реформски процеси и за менаџирањето на ОРОРСМ од 15 март наваму. Во контекст на ова, тој ги нагласи и интензивните програмски содржини во координација и со целосна логистичка поддршка на МО и ГШ на АРСМ (гаѓањето со АП 7,62 мм во Кичево, државниот натпревар во гаѓање со пиштол во Велес, традиционалниот марш по повод денот на ОРОРСМ во Тетовскиот регион и двете меѓународни активности во Полче, Р. Словенија). На овој работен договор на највисокиот орган на ОРОРСМ, беа усвоени и повеќе програмски документи, меѓу кои: Програма за работа на Собранието и Програма за едукација и обука на членството во 2019 година. Усвоена е одлука за ограничување на траењето на мандатот на претседателот на Организацијата на 2 години, кој може да биде избран најмногу двапати последователно, што е во функција на јакнење на започнатите демократски процеси во оваа национална асоцијација. Избран е и нов Извршен одбор на ОРОРСМ од 11 членови, во кој членува и д-р Тони Петрески, раководител на Секторот за цивилно-воени односи во МО, во функција на подобро координирање на програмските активности со МО како државен орган надлежен за проблематиката на одбраната. За носители на најодговорните функции во ОРОРСМ се избрани: резервен потпоручник д-р Гоце Георгиев од Виница (претседател), резервен капетан Љупчо Вуксанов од Пехчево (потпретседател) и резервен потпоручник Никица Бангиева од Скопје (секретар).



# Континуирана соработка

На 7 јули во Тетовскиот регион се организира традиционалниот мемоеријален планинарски марш во знак на почит кон прерано починатиот вљубеник во природата, Кирчо Пенев. Носител на подготовките за организирањето на оваа значајна



активност во функција на одбраната беше ПД „Аргентус Маун". На меморијалниот марш, на кој учествуваа 80-тина планинари од повеќе планинарски друштва во Р. Северна Македонија, по петти пат учествуваа и десетина активисти на ООЕ на ОРОРСМ Тетово, што претставува уште една потврда на континуираната плодна соработка меѓу овие две асоцијации во реализиацијата на содржини од областа на одбраната. Учесниците на маршот на релацијата: с. Беловиште – Ливадичко Езеро (н.в. 2200 метри), во должина од 6 км., имаа ретко убава можност да уживаат во прекрасните шумски предели на Шар Планина. На претставниците на ООЕ на ОРОРСМ Тетово, во знак на благодарност за нивното учество и придонес во реализацијата на оваа активност, им беше врачена посебна благодарница. „Со години наназад оствaруваме континуирана и плодна соработка со сите планинарски друштва во Тетово („Тетекс", „Аргентус Маун", „Јелак", „Љуботен"), учествуваме на сите нивни активности, но и нивни претставници активно се вклучуваат во содржините што ги организираме ние, како активен субјект на одбранбениот систем", истакна, меѓу другото, во краткиот разговор, претседателот на Извршниот одобор на ООЕ на ОРОРСМ Тетово, резервниот капетан Зоран Кироски.

Живко Трајановски



# Воени снајперски натпревари

Снајперистите важат за дисциплинирани, физички подготвени професионалци кои знаат да работат под притисок. Сето тоа ги прави да бидат и да тежнеат да бидат најдобри, најдобри међу најдобрите.
Во светски рамки има неколку снајперски натпревари на кои учесниците можат да се од составот на полициските сили, воените сили, владините агенции и организации, а некои од натпреварите се чисто воени. Едно од поголемите воени снајперски натпревари е „Снајперската граница“ (Sniper frontier).
На терените од воениот полигон „Гвајдерски“ во Отар, Казакстан, еднаш годишно тимовите од 19 држави се натпреваруваат помеѓу себе во индивуални натпревари, снајперски парови и штафетна снајперска трка. Екипите се составени од 11 членови: лидер, заменик-лидер (воедно и судија), тренер и 4 снајперски парови составени од по двајца членови. Опремата која се користи за време на натпреварите е стандардно снајперско вооружување со калибар 7,62 мм, лично вооружување пиштол и рачна одбранбена бомба. Во индивидуалниот натпревар учествуваат по шест снајперисти од секоја држава. Истите се натпреваруваат и се оценуваат во 5 вежби, односно дисциплини: снајперски биатлон, гаѓање за резултат, снајперист во одбрана, снајперист во напад и ноќно гаѓање. Натпреварите во снајперски парови се реализираат во 4 вежби- дисциплини: гаѓање цели во воздух, пребарување и уништување, специјално гаѓање и гаѓање со изместена нишанска точка. Во снајперската штафета учествуваат само најдобрите четири тимови со по три снајперски парови. Штафетната трка започнува со совладување на четири пешадиски препреки: отвор низ ѕид, низ тараба, преку канал и премин низ жичана препрека. По совладување на препреките следува гаѓање на цели од лежечки, стоечки или клечечки став. Следни препреки кои се совладуваат се: динамички ѕид, превртени скали, гуми и пренесување на муниција. По совладување на препреките, штафетата се предава на наредниот тим кој го поминува истиот полигон, само со различен став за гаѓање на целите од претходниот пар. Трката се одивива во четири паралелни патеки.

> Значењето на снајперистите за една единица е огромен. Снајперистите честопати можат да бидат клучни за успехот на една мисија. Капацитетите кои ги поседуваат снајперистите за извршување на различни мисии како што се прецизно уништување на клучен персонал, надбљудување и инфилтрација на боиштето, балистичко уништување на импровизирани експлозивни направи ги прави снајперистите важна алатка на војувањето



Еден од меѓународните снајперски натпревари каде учествуваат снајперски тимови од повеќе организации и институции, освен од вооружените сили, е  Интернационалниот снајперски натпревар. Освен натпреварувачки карактер, овој натпревар има цел да ја развие интероперабилноста помеѓу различните институции и да се разменат искуства. Во 2018 година на Интернационалниот снајперски натпревар учествувале 30 тимови од единаесет држави и неколку организации како што се ФБИ, ЦИА, полициски специјални единици итн. Интернационалниот снајперски натпревар се одржува од 2000 година на терените на воената база „Форт Бенинг“ во Џорџија, САД, и истиот трае по пет дена. Дисциплините низ кои поминуваат снајперстите на овие натпревари ги ставаат на тест нивните психофизички и тактички способности. За време на натпреварот тие гаѓаат цели на големи далечини, над 1500 метри, вршат надбљудување на боиштето, известување, но воедно се проверуваат и способностите за маскирање и прикриено приближување до целта.
Покрај овие два натпревари, во светот познати и тешки снајперски натпреварувања се: „Sharp Blade“ во НР.Кина, Европскиот натпревар за најдобар снајперски тим, Светскиот воен натпревар за снајперисти и други натпревари.

З.Б.



# ЧУДНИ ПОВОДИ ЗА ВИСТИНСКИ ВОЈНИ

Sвоното во градската катедрала во Модена, Италија, е една од локациите која задолжително ја посетуваат туристи и други намерници. Ако по кој било повод стасате во Модена, а не сте го виделе најчудниот експонат во еден од најубавите градови во Италија, сте пропуштиле да го видите и поводот за една од најчудните војни во нашата цивилизација. А, експонатот е обична дрвена кофа. За модењаните, вечен спомен на победата во споменатата војна помеѓу два града, средновековните држави Болоња и Модена. На средина на летото 1325 година, двајца неранимајковци решиле и ја украле дрвената кофа од бунарот кој се наоѓал во центарот на тогашната Болоња. Како што пишува во хрониката на градот, кофата и тогаш била знаменитост на престолнината на една од најсилните држави на Апенинскиот Полуостров, и нејзиното исчезнување било повод за општа тревога. По еднонеделна потрага, од соседната

Во историјата на човековата цивилизација се водени навистина чудни војни, чии поводи биле бизарни а последиците, како и во секоја „сериозна“ војна – човечки жртви и материјални штети. Војната за увото на капетанот Џеникс или војната за кофа, се егземпларни примери за апсурдното поведение на „хомо сапиенсот“

Модена стигнал „абер“ дека кофата се наоѓа токму во бунарот, лоциран во дворот на еден модењанец, инаку богат трговец. Откако веста била потврдена како точна, управата на Болоња веднаш упатила ултимативно барање кофата веднаш да се врати. Во спротивно, со сила ќе биде одземена од трговецот-арамија. Но, со оглед дека двата градови-држави биле во постојана битка за доминација на  Полуостровот, управата на Модена возвратила со порака дека кофата нема да биде вратена, бидејќи нивниот поданик истата ја купил од непознати трговци и скапо ја платил. И, како што бива во секое инаетење, преписката за кофата завршила со војна. Се разбира, а за тоа има и пишани траги, во целата таа „уђдурма“ била замешана католичката црква, поточно скараните верници од Болоња и Модена.

Војната била закажана кај месноста Заполина на територијата која била во рамките на Болоња. До судир помеѓу двете војски дошло во септември 1325 година, и по еднонеделна пресметка, побројните модењани успеале да ги поразат болоњците и да ја задржат ограбената кофа. Апсурдот во целава приказна е, секако, историскиот податок дека во војната за дрвената кофа загинале 2000 души, а по ист повод, двата града цели девет години биле во воена состојба...

## Војна поради куче

На границата помеѓу Бугарија и Грција, во 1925 година состојбата била затегната, бидејќи последиците од крвавата Прва светска војна сè уште биле свежи. Двете држави во војната биле на спротивни страни и непријателството во пограничниот појас било присутно речиси постојано. Иако двете држави јавно прокламирале пријателство и добрососедство, долж границата се случувале немили инциденти. Во повеќе наврати, истата таа година имало пукања меѓу граничарите кои завршувале трагично.



Веројатно, поради тоа, една бизарна случка со заскитаното куче ќе биде повод за таканаречената војна поради пес. Имено, загарот на еден грчки ловџија ја поминал границата, и за несреќа влегол во дворот на бугарската караула. Барајќи го загарот, грчкиот ловџија стасал пред караулата, а бугарските стражари отвориле оган и го застрелале. Неговите соселани настанот го пријавиле на грчките граничари и така започнала „војна за песот“. По консултација со командата во Солун, граничарите добиле дозвола да им се одмаздат на Бугарите. Тие со неколку стотици „до заби“ вооружени војници го зазеле гратчето Петрич. Веста за судирот стасала во седиштето на Лигата на народите и по барање од Женева, Грците се повлекле од бугарската територија. Така била избегната  војна помеѓу двете балкански држави.
Епилогот на оваа војна за песот бил на штета на Грција. Имено, по налог на меѓународната организација, по десетдневна окупација на Петрич, грчката влада ѝ исплатила отштета на Бугарија во износ од 45.000 фунти.

## Војна за увото на капетанот Џенкинс

Во хрониката за бизарни поводи за вистински војни, е војната водена помеѓу Шпанија и Англија, а како причина се наведува отсеченото уво на капетанот Роберт Џенкинс. Оваа војна покажува дека заради нечовечна постапка на поединец, страдаат илјадници недолжни луѓе, па и цели народи.  На почетокот на приказнава, треба да се нагласи дека конкретниот повод бил само изговор на едната од завојуваните страни. Имено, Шпанија и Англија низ историјата воделе повеќедецениски војни за превласт на море. Бидејќи и двете земји биле колонијални сили, увото на капетанот Џенинкс било како порачан повод Англичаните да направат нов обид за целосна контрола на поморските правци кон Африка и Латинска Америка. Настанот се случил во 1739 година, и со право се смета за еден од најапсурдните поводи за која било војна забележана во воената историја. Сè започнало едно сончево претпладне, кога морнарите на еден државен, гусарски шпански брод, тргнале во лов на слични државни англиски гусарски бродови. На Шпанците имале среќа да наидат на англиската едрилица, која била озлогласена во пљачкосување на шпанските трговски бродови. Капетанот на нивната едрилица, Хулио Леон Фандињо, веднаш издал наредба, непријателскиот брод да се зароби без употреба на  други помагала. „Ја сакам целата посада жива и на колена“, рекол Фандињо, и неговата наредба била извршена. Имено, кога ја здогледал шпанската едрилица, капетанот на англискиот брод решил да избегне судир и наредил повлекување во спротивна насока. Одлуката била двојно погрешна, бидејќи на противникот му сигнализирал слабост, а својата посада ја деморализирал. Епилогот бил кобен по англискиот брод, но и по капетанот Роберт Џенкинсон. Неговиот колега, капетанот на непријателскиот брод, Хулио Фандињо, бил прочуен како немилосрден човек, не само кон непријателите, туку и кон луѓето од сопствената посада. Тоа го потврдил и во постапката со капетанот на заробениот брод. Најпрвин наредил Џенкинсон да го врзат за јарболот, а потоа одржал говор, грдејќи ги „шугавите“  Англичани. Потоа, му пришол на Џенкинсон и со еден потег, со својата трофејна сабја, му го отсекол левото уво, велејќи му „Песу, англиски шугав, тебе и твоите, исто така, шугави арамии, ве пуштам да си одите дома и ти наредувам на твојот крал да му пренесеш дека  еден ден ќе му го сторам истото што ти го направив тебе“. Посрамени, Англичаните се вратиле дома, а капетанот Џенкинс, со увото во





Во човековото битисување, низ историјата, забележани се секакви конфликти, но некои од нив се апсолутно апсурдни. Во такви спаѓа и војната помеѓу Велика Британија и Занзибар која, верувале или не, траела само 38 минути, и во Гинисовата книга на рекорди е запишана како најкратка војна во историјата на нашата цивилизација

тегла, отишол во англискиот парламент и на итно свикана седница им го покажал на сите државни великодостојници отсеченото уво. Гордите Англичани веднаш дигнале врева и изгласале одлука, веднаш да ѝ се објави војна на Шпанија. Така и било. Започнала познатата војна за увото на капетанот Џенинкс.
Шпанците ја прифатиле војната, и при крајот на 1739 година, започнала крвавата поморска битка. Апсурдот лежи во фактот што таа траела цели девет години, и во неа, на двете завојувани страни, загинале 29.500 луѓе, и биле потопени 593 бродови.

## Војна за свињата на Чарлс

Во 1859 година, на островот Свети Хуан, кој помеѓу себе го делеле Велика Британија и САД, американскиот земјоделец Лајман Кутлар, во својата градина застрелал залутана свиња. За негова несреќа, свињата била од поголемото стадо на Англичанецот Чарлс Грифин. Кога дознал кој му ја застрелал „најубавата свиња“, Англичанецот ги алармирал луѓето од британската власт и барал адекватна отштета и апсење на злосторникот. Така, Британците презеле активности за апсење на Лајман, но притоа наишле на остра реакција на Американците. Во повеќедневното пукање, дошло и до размена на вербални и на писмени закани со војна. И, не само до закани, туку и до подготовка за војна. За среќа, управителот на американскиот дел на островот предложил средба на скараните страни и на истата бил постигнат договор, војниците да го одложат подготвеното оружје. Случката е забележана во аналите на необичните војни, бидејќи и двете скарани страни зазеле воени позиции.

## Војна долга 38 минути

Во човековото битисување, низ историјата, забележани се секакви конфликти, но некои од нив се апсолутно апсурдни. Во такви спаѓа и војната помеѓу Велика Британија и Занзибар која, верувале или не, траела само 38 минути, и во Гинисовата книга на рекорди е запишана како најкратка војна во историјата на нашата цивилизација. Интересно е што причина за истата била британската колонијална политика, која не правела компромиси со домородното население во своите колонии ширум планетата. Имено, кога на 25 август 1896 година умрел занзибарскиот султан Хамид бин Туваини, инаку верен партнер на Британците, неговиот внук, Кахил бин Баргаш, решил да се спротивстави на одлуката на колонијалистите, нов султан да биде извесен Хамуд бин Мухамед. Тој собрал војска и на Британците им се заканил со војна, не сфаќајќи дека со тоа на себеси и на неговите приврзаници си потпишал смртна пресуда. Се разбира, Британците го прифатиле предизвикот, и на 27 август 1896 година започнале со гранатирање на султановата палата, во која веќе се вселил Хамид, кој во тоа време бил во луксузното бротче во заливот пред палатата. По 38-минутната стрелба, несудениот султан побарал преговори, коишто не биле прифатени. Така завршила најкратката, вистинска војна во човековата историја, во која загинале 100 британски колонисти и 500 приврзаници на човекот што сакал да биде султан. Интересно е да се спомене дека истиот тој, засолниште нашол во Германија, а потоа, сè до апсењето 1916 година, живеел во Дар ес Салам во Танзанија. Британците, сепак, му простиле за предизвикување на најкратката војна, а Кахил умрел дванаесет години подоцна.



## Фудбал, па војна

Како и во случката на војната за увото на капетанот Џенкинс, така и во уште една бизарна војна, повод за воен судир помеѓу две држави бил само изговор, а суштината е во економската емиграција, на една од државите. Станува збор за фудбалската војна помеѓу Хондурас и Салвадор, што се случила на 14 јули 1969 година. Сè започнало кога по фудбалскиот натпревар помеѓу Хондурас и Салвадор, за пласман на Светското првенство во Мексико, 1970 година, разочарана што нејзината земја го загубила натпреварот, се самоубила осумнаесетгодишната Салвадорка, Амелиа Болаинос. На нејзиниот погреб присуствувале голем број луѓе, па и претседателот на Салвадор. Во реваншот, Салвадор славел со 1:0, а на истиот натпревар, играчите на Хондурас допатувале во оклопни возила а по натпреварот, биле убиени двајца навивачи. По третиот натпревар, одигран во Мексико, Салвадор победил со 3:2 и се пласирал на светско првенство. После тој натпревар избувнале судири помеѓу навивачите на Хондурас и емигрантите од Салвадор, при што загинале десетина, а биле повредени неколку стотини луѓе. Тоа и бил поводот Хондурас во Салвадор да ги протера сите емигранти, односно двете држави да ги прекинат дипломатските односи. Во меѓувреме, и двете земји се заканувале со војна и истата започнала на 14 јули 1969 година. Судирите траеле четири дена, и притоа загинале 3000 луѓе. Со посредство на други латиноамерикански држави, војната завршила со мировна спогодба на 20 јули 1969 година.

Војна за златното столче

Оној што ја познава светската воена историја, особеното британската, знае дека токму Англичаните имаат замешано прсти во најголем број воени судири, па и во оние кои спаѓаат во рубриката „верувале или не“. И така, уште еден британски поданик, сер Фредерик Мичел Хаџсон, бил главен виновник за една од најчудните, но и најкрвавите војни во нашата цивилизација. Имено, тој како гувернер на колонијата Златен Брег во Африка, како и другите англиски управители на колониите ширум планетата, своето слободно време го користел да собира уметнички артефакти и вредни предмети. Притоа, слушнал приказна за златното столче, реликвија на африканското племе Ашанти (денешна Гана), и решил истото да го добие по секоја цена. Откако од поглаварот на племето добил негативен одговор, се заканил дека столчето ќе го земе со сила. Природно воинствени, Ашантите му порачале дека ќе му подарат сè друго освен столчето, објаснувајќи му дека тоа е симбол на нивното постоење и дека местото на негово наоѓање е најстрого чувана тајна. „Јас ќе седнам на тоа столче или вас ќе ве снема“, му се заканил сер Хаџсон на пратеникот на поглаварот, кој се обидел Англичанецот, сепак, да го увери за светоста на столчето. Гувернерот го одржал зборот и започнал подготовка со војска, со која требало да дојде до „златниот трон“, но ни припадниците на племето Ашанти не седеле со скрстени раце. Напротив, со копја и стрели ги пречекале англиските војници. Така, започнала уште една од апсурдните војни. Во повеќедневните битки, рано есента 1899 година, загинале над илјада англиски војници-колонисти, а бројот на загинати Ашанти-војници не е утврден. Со оглед на оружјето на завојуваните страни, може да се претпостави дека бројот на загинати во племето бил повеќекратно поголем. За среќа на Ашантите, на нивното златно столче никогаш не седнал гувернерот Хаџсон, туку напротив, тој морал да го напушти Златниот Брег, откако од Лондон му наредиле да го прекине крвавиот пир и да се врати дома.

## Мајорот Мердит во војна со птиците „Ему“

Како што војува сам против себе, „хомо сапиенсот“ војува со сè и сешто, и притоа,
главно секогаш го извлекува „подебелиот крај од стапот“. Пример за оваа констатација е постапката на Мередит, мајор на австралиската регуларна армија, кој ни помалку ни повеќе, во сега далечната 1932 година, им објавил војна на птиците од родот „Ему“. На тој апсурден чекор се одлучил кога слушнал дека птиците „Ему“ ги пустошат родните полиња на австралиските фармери. По собраните информации и егзактни податоци, од воените власти на најмалиот континент побарал дозвола за започнување војна против споменатите птици.
Кога истата ја добил, со чета војници тргнал, како што изјавил, да го сотре непријателот на фармерите. Заканата делумно ја остварил, бидејќи се соочил со жилав непријател. А непријателот, птицата „Ему“ во Австралија, е митско суштество, водечки симбол, така што се наоѓа на државниот грб и на националната валута. Достигнува висина до 1,9 метри, има најцврсти нозе во светот на птиците и е едно од најиздржливите пернати суштества.



Без вода може да живее еден месец, па и повеќе, а во недостиг на храна јаде песок и камења. Забележани се случаи дека со клунот и канџите може да урне огради од железо. Ова се доволни податоци за да се сфати со каков непријател се пуштил во војна мајорот Мередит. По еднонеделна војна, мајорот морал да потпише капитулација. За среќа, во војната не настрадал ниту еден од неговите војници, а бројот на загинати „војници“ на непријателот не е утврден, бидејќи војниците не стасале да ги избројат застреланите птици. „Моите војници и јас ќе ја победевме секоја адекватна армија во светот, но против овој непријател немавме никакви шанси“. Ова е најкраткиот рапорт за една од таканаречените апсурдни војни.

Миле Раденковиќ

# Како демографијата ја менаџира геополитиката



Имено, во 1850 година, САД беа дом на околу 23 милиони луѓе, поточно 13 милиони помалку од Франција. Денес популацијата на САД е околу 330 милиони, што е повеќе од британската, холандската, француската, германската и италијанската популација заедно. Повеќе од еден век САД ја имаат најголемата квалификувана работна сила во светот, а со мерките како што се просек на години на образование за возрасни, со години се меѓу најобразованите во светот. Овие поволни демографски основи, повеќе географија или природни ресурси, јасно покажуваат зошто Соединетите Американски Држави станаа врвна економска и воена сила во светот после Втората светска војна и зошто сè уште и ден денес се на таа позиција.
Но, минатите перформанси не се гаранција за идните резултати. Факт е дека во голема мера, и тоа благодарение на демографијата, државите како Кина станаа вистински конкуренти на големите сили во изминатите неколку децении. Во меѓувреме, Соединетите Американски Држави, на неколку начини ја уништија или ја потрошија својата демографска предност, дури и кога нивните традиционални сојузници во Европа и во Азија се бореа со стагнација или пад на бројот на населението. Сепак, засега штетата во однос на моќта на САД е лимитирана со самиот факт што главните геополитички ривали на САД се соочуваат со сериозни демографски проблеми. Меѓутоа, ако гледаме кон иднината, растот на населението и зголемувањето на нивото на образование може да ги придвижат новите земји поблиску кон стекнување на статус на големи сили. Демографијата дава насоки за геополитичкиот свет на иднината, но и за тоа како Вашингтон треба да се подготви.  Сепак, за САД да останат на истото ниво, американските лидери мора да преземат чекори и да ги забават или да ги сменат негативните демографски трендови кои сега ги

> Демографијата можеби не е судбина, но за студентите од областа на геополитиката таа е реалност. Имено, иако на конвенционалните мерки на економска и воена моќ честопати им се посветува поголемо внимание, сепак има неколку фактори кои влијаат на долгорочниот натпревар помеѓу големите сили, а се поврзани со промените во големината, способностите и карактеристиките на домицилното население. Соеднитетите Американски Држави се пример за таков случај






поткопуваат темелите на моќта на САД. Воедно, ќе мора да почнат да ја преиспитуваат глобалната политика на Вашингтон.

## Демографијата на стагнација и зошто луѓето размислуваат за економскиот раст

Во секој поединечен регион во светот, економскиот раст не успеа да се врати на просечното ниво на пораст од пред големата рецесија. Економистите понудија различни теории зошто ова закрепнување беше најслабо во повоената историја, вклучувајќи висока задолженост, зголемена нееднаквост во приходите и преголема претпазливост, предизвикани од првичната должничка криза. Но, иако секое објаснување има свој придонес за економијата, останува фактот дека експертите во голема мера ги игнорираа најважните фактори, а еден од нив е глобалното забавување на растот на работната сила.

Еден од начините како да се пресмета потенцијалната стапка на раст во светот е да се додаде стапката со која работната сила се проширува на стапката на пораст на продуктивноста. Од 1960 година, добивките во двата фактори дадоа еднаков придонес за потенцијалниот економски раст, а во последнава деценија, добивката и во двата, веројатно, како да се изедначила. Меѓутоа, разликата меѓу овие два двигатели (драјвери) е дека постои дебата за тоа дали падот на растот на продуктивноста е реален. Мерењата на продуктивноста веројатно не успеаја да ги зачуваат заштедите во пари и време генерирани од новите технологии, почнувајќи од супербрзите интернет-конекции до вештачката интелигенција. Затоа и не е лесно да се негира дека порастот на големината на работната сила, што главно е резултат на зголемувањето на бројот на лицата на работоспособна возраст т.е. оние на возраст помеѓу 15 и 64 години, е процес кој забави низ целиот свет.

Имено, помеѓу 1960 и 2005 година, глобалната работна сила се зголеми во просек од 1,8 проценти годишно, но од 2005 година стапката се намали на само 1,1 процент, а најверојатно ќе се намалува и понатаму во наредните децении, бидејќи стапките на фертилитет продолжуваат да опаѓаат во повеќето делови од светот. Растот на работната сила сè уште се зголемува во Нигерија, на Филипините и во неколку други земји. Но, во Соединетите Американски Држави, тоа е многу бавно, односно со 0,5 проценти годишно во текот на изминатата деценија, во споредба со 1,7 отсто од 1960 до 2005 година, растот на работна сила веќе се намалува во некои земји во светот.

м-р Билјана Поповска (адаптирано од *https://www.foreignaffairs.com/articles/world/2019-06-11/great-demographics-comes greapower?fbclid=IwAR2agBG7kl95JJ0LFfyMC0RO6McSMh4PSmJJyJGhgAesrApEiGwqGCr3FDE https://www.foreignaffairs.com/articles/world/2016-02-15/demographics-stagnation Nicholas Eberstadt & Ruchir Sharma)*



# Историја на конфликтите во Нигерија

Античката историја на Нигерија започнува неколку илјади години пред новата ера, период во кој бројни антички африкански племиња живееле во Нигерија и кои преставуваат автохтоно население на Нигерија. Една од најпознатите империи пред со овој регион да завладеат Британците е империјата Бенин (Benin Empire), чиј владетел бил Оба (Oba) од Бенин (Benin). Други племиња како Нри Царството (Nri Kingdom), исто така, биле присутни овде, особено во Источниот регион. Сонгхаи Империјата (Songhai Empire) исто така била присутна во Нигерија. Во текот на XI век Нигерија започнува да се исламизира преку хауските држави (Hausa States).

Во 1851 година, британските сили го зазеле Лагос (Lagos), кој подоцна бил анектиран во 1861 година. Во 1901 година Нигерија станува британска колонија, сѐ до 1960 година. Во 1963 година Нигерија станува независна држава со републиканско уредување, но под воена диктатура. Непосредно после прогласувањето на независност на Нигерија од 1966 до 1979 година, преовладува периодот на интеррегнум, односно воспоставување на воен систем на владеење. Воената влада дејствувала преку употреба на декрет. Уставот и неговите измени биле целосно игнорирани и во почетната фаза на воеското владеење бил прогласен декрет за обединување од страна на воениот владетел, генералот Иронси. Барањата за непочитување на уставот и обединување на сите законски акти и нормативи во таканаречен „обединувачки декрет“ биле исполнети со силни опструкции од страна на опозициските партии.

Суспензијата на уставот воведе воен систем на управување.
Органите на воената власт претставувале највисоко владејачко тело, организациски претставени преку Врховниот воен совет (ВВС), кој ги опфаќал сите воени и паравоени формации, како и поголем дел од извршните и судските органи. Со сето ова што погоре го наведовме, воениот систем целосно го неутрализираше уставниот систем. Во 1967 година се формира Независна Република Биафра (Biafra), која кон крајот на 1960-тите и почетокот на 1970-тите е во тригодишна војна со Нигерија.  Во периодот од 6.7.1967 до 13.1.1970 година се случува тригодишната војна за која причината е отцепувањето на јуоисточните провинции на Нигерија и нивно прокламирање во Независна Република Биафра. Создадена како колонијална творба на Британија, Британија била поделена главно на муслимански дел на север и главно христијански дел на југ. Со прогласувањето на независноста на Нигерија од 1960 година, се создаваат три провинции кои имале племенски карактер: Хауса и Фулани на север (Hausa, Fulani), Јоруба (Joruba), југозападно, и Игбо (Igbo) на југоисток. Конфликтите помеѓу наведениве племенски етнитети започнуваат од 1966 година, односно со воспоставувањето на милитаристичка власт во Нигерија. Притоа, генералот Џонсон Агуији Иронси  (Johnson Aguiyi Ironsi), кој припаѓал на племенската заедница Игбо, станува претседател. После  неколку месеци следува контра државен удар од страна на племенските заедници од северниот дел на Нигерија. Генералот Агуији Иронси  бил убиен и на 30.5.1967 година провинциските области на Нигерија со мнозинство на племенската заедница Игбо, стравувајќи дека ќе бидат маргинализирани, прогласуваат независност и создавање на нова Република Биафра.
Во текот на 1970-тите години,  на регионално ниво, доктрината на „Пакс Нигеријана“ (Pax Nigeriana)  ја обезбеди визијата за нигериско раководство низ цела Африка и беше проследено со извештајот „Адедеји“ (Adedeji Report) од 1975 година, со кој се зацврсти безбедноста на другите африкански држави преку целите на надворешната политика на Нигерија. Јасните геостратегиски предности и природните богатства на Нигерија ја позиционираа како природен лидер во Африка, особено во подрегионот на Западна Африка, но сето ова беше намалено преку комплексноста на внатрешните предизвици на земјата. Меѓутоа, со текот на времето, постколонијалното искуство на Нигерија се одвиваше по линиите предвидени од критичарите и мошне брзо се карактеризираше со корупција, лошо политичко владеење, интерни конфликти,  континуирана растечка нееднаквост и економија која е целосно зависна од нафтата и приходите од природен гас.
Внатрешните поделби и тензии во однос на етничката припадност, регионалните баланси на моќ и посовремените религиски правци кои се изградиле во изминатата деценија, создаваат континуирана нестабилност во различни делови на земјата. Во некои региони насилството станало хронично, во смисла дека е речиси постојан дел од секојдневниот живот и свест, изразени во форма на внатрешни комуникациски спорови околу ресурсите и моќта; религиозно и политички мотивирано насилство; судири меѓу недржавни и владини актери и разни акти на насилен  и криминал со нафта, киднапирање и грабеж. Подигањето на Боко Харам и исламистичкиот бунт на северниот дел доведе до тоа некои да шпекулираат дека Нигерија е на пат кон граѓанска војна која потсетува на војната со Биафра кон крајот на 1960-тите, што за неполни три години резултираше со смрт на околу 1 милион лица. Реконсолидација на републиканското уредување и на уставот во Нигерија се случува во 1979 година. Во текот на 1980-тите години Нигерија е под воена диктатура –  од 1983 до 1985 година е под диктатура на генерал-мајорот Мухамад Бухари (Major General Muhammadu Buhari).
По падот од власта на овој генерал, во текот на 1993/94 година, власта ја презема генералот Сани Абача (General Sani Abacha), кој е креатор на четвртата Република Нигерија во 1999 година. На 5 мај 1999 година беше усвоен нов устав со кој беше воспоставен повеќепартиски систем во Нигерија.  Демократијата беше повторно воспоставена во 1999 година, откако Олусегун Обасањо (Olusegun Obasanjo)  беше избран за претседател на Нигерија, кој во 2003 година беше реизбран. На парламентарните избори во 2007 година, Умару Јар-Адуа (Umaru Yar’Adua) стана претседател на Народната демократска партија (НДП) и победи на изборите. Кон крајот на 2010 година, на власт во Нигерија доаѓа д-р Гудлук Џонатан (Dr Goodluck Jonathan), а во текот на 2015 година на парламентарните избори е поразен од страна на новиот претседател на Нигерија, Мухамаду Бухари (Muhammadu Buhari). Помеѓу 2006 и 2009 година, милитантната група наречена MEND (Movement for the Emancipation of the Niger Delta МЕНД - (Движење за еманципација на делтата на Нигер, е една од најголемите милитантни групи во Нигерија која протестираше против сиромаштијата на регионот и покрај нафтеното производство и извоз коишто растат во континуитет.
Во 2009 година нигериската влада изврши општа амнестија на насилствата, која во периодот од 2006 до 2009 година ги изврши

Нигерија е држава со федеративно демократско уредување и се наоѓа во Западна Африка. Граничи со Камерун и Чад на исток, со Бенин на запад и со Нигер на север. На југ Нигерија граничи со Гвинејскиот Залив кој излегува на Атлантскиот Океан. Нигерија има 36 градови, а нејзин главен град е Абуџа. Нигерија во својата богата историја имала повеќе империјални владетели и култури, споредено со другите држави на африканскиот континент





оваа милитантна група, а која беше обострано прифатена. Но, во текот на 2016 година, голем дел од програмата за амнестија  на претседателот Бухари предизвика понатамошни немири.
Од 2016 година, нападите во голема мера беа спроведени од страна на милитантната група МЕНД, така што истите беа насочени кон големи нафтоводи и  предизвикаа големи економски последици. Другиот елемент од политичката „статус кво“ состојба се „неизлечените рани“ од граѓанската војна на Нигерија со Биафра (1967 - 1970 година), која резултираше со пораз на сепаратистичките сили на Биафра од страна на федералните нигериски вооружени сили и со смрт на повеќе од еден милон лица.
Континуираните конфликти во Нигерија со бунтовничките групи и корупцијата на сегашната власт ја загрозуваат националната безбедност и политичкиот интегритет на најнаселената држава во Африка. Од 2011 година, Боко Харам, една од најголемите исламистички милитантни групи во Африка, спроведе серија на терористички напади врз верски и политички цели, националната полиција и војска, како и кон неселективно напаѓање на цивили на пазари и други прометни места. Киднапирањето на повеќе од двесте девојки од нивните училишта во текот на април 2014 година привлече меѓународно внимание на актуелната закана од Боко Харам и неможноста на владата ефикасно да се справи со оваа милитантно-исламистичка група.
Во преговорите помеѓу Боко Харам и нигериската влада, посредувани од Меѓународниот комитет на Црвениот крст, резултираше со тоа што за краток временски интервал беа ослободени 103 девојки.
Претседателот Мухаммаду Бухари (Muhammadu Buhari), поранешен воен диктатор кој го порази поранешниот Гудлук Џонатан (Goodluck Jonathan),

Нигерија има сериозни и комплексни политички проблеми, како: нееднаквоста, корупцијата, нафтените спорови, нарушување на националниот идентитет, големи класни разлики во која има класи на многу богати и екстремно сиромашни граѓани и континуирани напади од страна на Боко Харам. Повеќегодишниот конфликт на Нигерија со Боко Харам предизвика хуманитарна криза од регионални размери. Оваа криза резултирала со над 20 000 убиени лица и околу 3 милиони раселени лица



беше избран во 2015 година под мотото за ефективна борба против тероризмот, но економските и политичките предизвици во Нигерија ја усложнија борбата против Боко Харам. Покрај воениот конфликт, континуираната нееднаква дистрибуција на приходите од нафта, високите нивоа на корупција и насилството во регионот претставуваат сериозни безбедносни предизвици за нигериската власт.    После кулминацијата на терористичките напади од страна  на милитантно-исламистиката група „Боко Харам“ во текот на 2014 и 2015 година, бројот на извршени напади од страна на „Боко Харам“ драстично се намалува.
Нигериските воени сили потпомогнати од државите: Бенин, Чад и Нигер го потиснаа влијанието на „Боко Харам“ во неколку провинции во североисточниот дел на Нигерија, но овие милитантни групи сè уште имаат контрола во неколку села од овој регион каде што вршат континуирани напади, и тоа врз жени и деца. Релацијата помеѓу „Боко Харам“ и другите исламистичките групи би можеле дополнително да ја интензивираат загриженоста за регионалната безбедност во Нигерија и околниот регион. Ова може особено сериозно да го констатираме од март 2015 година,  кога „Боко Харам“ се заложи за верност и лојалност кон Исламската држава.Ова беше и главната причина поради која САД ја зголемија својата воена помош и распоредија триста војници во Нигерија во обид да помогнат во борбата против „Боко Харам“. Како најголем африкански производител на нафта, безбедноста на Нигерија е важна за регионалната безбедност и за американските економски интереси.
Најавата на нигериската Влада во 2016 година било дека повеќето упоришта на

„Боко Харам“ се разбиени и уништени. Но, за жал, нападите од страна на „Боко Харам“ продолжиле и во текот на 2017 година во градот Мадегири (Madeguiri), во близина на басенот на езерото Чад, камповите, универзитетите и џамиите. Бегалците од Нигерија во континуитет се соочуваат со големите суши и со глад, особено во североисточниот дел на Нигерија. Конфликтите и насилствата исто така се интензивираа во руралните средини, особено во местото Фулани, и истото беше насочено кон локалните фармери.

Во февруари 2018 година, повеќе од стотина студенти биле киднапирани од милитантна фракција на „Боко Харам“, позната како Исламска држава во Западна Африка (Islamic state from West Africa). Истите беа ослободени еден месец подоцна. Конфликтите првенствено константно се одвиваат во северниот муслимански дел на Нигерија, особено во регионот на Борно, каде што се раселени милиони лица. Во текот на месец јуни 2018 година, нигериската армија објави дека над две илјади раселени лица од овој регион сакале да се вратат. Военобезбедносните сили на Нигерија кои се борат против милитантните фракции на „Боко Харам“ овде, честопати се обвинети за злоупотреба на човековите права.

На политички план, во текот на март 2016 година, за нов претседател на државата е избран Махамаду Исуфоу (Mahamadou Issoufou). Покрај стабилната политичка клима во 2017 година, безбедносната ситуација во регионот на Дифа (Diffa) е променлива по доаѓањето на Боко Харам. Нигер, исто така, се соочува со џихадистички напади и со шверц со дрога во Тилаберу (Tillabéry) и во регионот на Северна Тахоуа (Tahoua). Поради тоа, Владата во текот на 2017 година ја интензивираше вонредната состојба во овие региони, така што го зголеми бројот на военобезбедносните сили и започна нова здружена воена операција.

Во текот на јули 2017 година во Бамако (Bamako), земјите од Г5 Сахел (G5 Sahel countries) (Буркина Фасо, Чад, Мали, Мавританија и Нигер) G5 Sahel countries (Burkina Faso, Chad, Mali, Mauritania and Niger), по иницијатива на Франција започна здружена воена операција (joint force operation) со вкупна бројка од 5000 војници, кои имаа задача заедно да го патролираат и да го обезбедуваат регионот на овие земји преку операцијата „Баркхан“ (Operation Barkhane) за борба против тероризмот. Покрај наведените 5000 војници од земјите Г5 Сахел, Франција има распоредено околу 4500 војници кои имаат задача да ги обучуваат наведените 500 војници на земјите од Г5 Сахел и мировниците и воените набљудувачи на ООН од мисијата за стабилизација во Мали Минусма (Minusma).



Нигерија е во зенитот на меѓународната стратегија за борба против тероризмот. Присуството на САД последнава декада е константно. САД градат воена воздухопловна база која користи воени дронови за извидување, чија вредност се проценува на над 110 милиони долари, во близината на градот Агадез (Agadez). Според воените експерти на САД, ова е досега најголемиот меѓународен проект на воздухопловните воени сили наменет за извидување, патролирање и воена поддршка на цивилното население во овој регион

Оваа воена операција, која се проценува дека вкупно ќе чини околу 423 милиони евра, еден дел се финансира од горенаведените пет држави, друг дел од средствата се обезбедени преку фондовите на Европската унија. Во извештаите на штабот на здружената воено-оперативна комнада се нагласува дека потребна е дополнителна финансиска помош од европските билатерални партнери за оваа здружена воена операција, како и од САД. Засега Франција се обврза дека наредните пет години ќе обезбеди околу 200 милиони евра преку сопствени, односно национални фондови, потоа преку фондови на ООН, Светската банка и Европската унија за борба против сиромаштијата во земјите од Сахел.

д-р Андреј Илиев





# „Герника“

**„26 април 1937 година, Герника. Многу мал град на северот од Шпанија брзо ќе стане познат, но, поради многу погрешни причини.“**

Со овие зборови, кореспондентот Хенри Хауел од весникот „Њујорк хералд трибјун“, централниот лик во филмот „Герника“ за кој пишуваме во овој број на Штит, ќе го започне својот извештај за хororот кој ќе го посведочи во истоимениот град за време на граѓанската војна во Шпанија. Долго време Герника како тема била недопрена од филмскиот свет. Причина за тоа биле и нејаснотиите и различните информации околу тој настан, па никој не се осмелувал да собере храброст да ја преслика на филмско платно приказната за малото гратче. Познатата слика на Пикасо со децении имала улога на најпознатата визуелна илустрација на неколкучасовното историско бомбардирање.

Во 2016 година, Марија Валверде и Џејмс Д'Арси, ја оживуваат со својата актерска игра речиси 80 години старата приказна за Герника, преку романтичната врска на Тереза и Хенри, главните протагонисти кои ова гратче ќе ги спои и ќе ги раздели. Двајцата се два различни светови – иако се чини дека Тереза е таа која поради природата на својата работа ја ограничува слободата на Хауел, ситуацијата е сосема обратна: Тереза е заробеник на еден систем кој ја губи војната и очајно се обидува да се одржи во живот лажирајќи ја реалната состојба, прикажувајќи ја на светот низ розов филтер.

## Љубов и војна

Додека војната беснее со полна сила низ земјата, републиката е преокупирана со прикривање на реалноста, со цел да не дозволи ниедна лоша вест да излезе надвор од границите. Така, во Шпанија, со избувнувањето на самата војна е формирано посебно биро кое ги цензурира сите телеграми и фотографии кои излегуваат од земјата, а посебно цел на ова се новинарите, странските кореспонденти за кои постојат посебни правила, каде смеат да се движат и со кого и како да комуницираат. Пропагандата е во полн ек. Една од цензорите е Тереза, млада неуспешна писателка со огромна љубов кон пишаниот збор но, за жал, со кариера на редактор на вистинските писатели и новинари. Нејзината восхитеност од Хенри Хауел, своевидна ѕвезда во новинарскиот свет, чиј висок статус го претвора во егоцентрично, суетно и скептично суштество, е несомнена. Хауел, за Тереза, е нејзиниот неостварен сон, тоа кое се надевала дека еден ден ќе стане – писателка. Но, со избувнувањето на граѓанската војна, младешкиот сон е потиснат од потребите кои новонастанатата ситуација ги налага и нејзиното познавање на повеќе јазици, како и способноста да се справи добро со новинари, ја носи во сосема друг правец,









далеку од нејзините вистински желби. Судбините на овие двајца многу различни луѓе се сретнуваат токму во Герника, каде републиката е родена, и на истото место и ќе се разделат трагично. Наместо да прави фактографско, пластично пренесување на фактите за настанот кој ќе ја одбележи оваа тригодишна војна, режисерот ја става во контекстот на една романтична приказна, на тој начин правејќи паралела на две, по многу работи слични состојби – љубовта и војната, каде многу убаво се надоврзуваат неколку заеднички чувства: загубата, страдањето, болката, немоќта, беспомошноста и недостатокот на слобода. Во бомбардирањето на Герника не се уништени само човечки животи, туку и соништа, желби, надежи...

Во љубовниот триаголник е и Русинот Васил, шефот на Тереза, чија невозвратена љубов предизвикува паника и збунетост кај него. Сепак, кај Русинот постои надеж дека Тереза ќе се предомисли, ќе го засака, сè додека не се појави Хауел и не стави крај на таа илузија, преземајќи му ја Тереза. Гневот кој се создава кај него е огромен и предизвикува низа на непромислени постапки кои ќе скршнат во непосакуван правец. Васил е слаб човек, без интегритет, послушен егзекутор на советските наредби. Тереза работи за него и тоа е можност за него да ѝ се наметне на Тереза, но, не со љубов, туку со моќта која ја поседува. Губењето на контролата не е својствено за Васил, и во моментот кога чувствува дека ги губи конците од рака, тој попрво би го уништил она што го сака, отколку да дозволи да го загуби.



## Град претворен во пепел

Голем дел од филмот, всушност, е посветен на моделирање на историскиот контекст и на суптилно, ненаметливо градење на слика, амбиент за публиката – лојалистите наспроти фашистите, инволвирањето на нацистичка Германија како поддршка на генералот Франко, руската поддршка на власта. Сето тоа создава општа конфузија, каде зависно од страната која ќе ја одберат, сограѓани се вртат еден против друг... Наспроти таа тензичност, гледаме како животот и во војна продолжува да тече (пример е братучетката на Тереза која се подготвува за својата свадба и семејството кое попусто се надева дека мирниот селски живот ќе остане недопрен од случувањата). Посебно маркантна е изведбата на Марија Валверде, која низ филмот менува неколку лица – од строга и студена поданичка на системот, преку вљубена жена полна со чувства, до верна и измачувана жртва на околностите. Иако на почетокот Тереза делува дека ќе биде антихерој на филмот, час и половина понатаму во филмот нејзината појава е ставена во функција да побуди симпатии, за на крај нејзината смрт да пренесе една вонвременска порака – војната не одбира кого ќе повлече со себе, војната не проценува и суди, туку покосува сè што ѝ е на патот, жени, деца, немоќни, невини. Но, она кое не треба да се заборави е, всушност, дека војната е творба на човекот, таа постои затоа што некој ја одржува во живот. Целта на војната не е да реши конфликт, туку тоа е метод за деструкција. Чист, недвосмислен пример за тоа е инволвираноста на нацистите и нивните злочински планови за напад. Прво, изборот на град во кој нема апсолутно никаква воена цел, туку само невини луѓе, а потоа и со методите на напад со новопретставеното оружје – огнени гранати чиј оган не може со ништо да се изгасне, целта е јасна – да умрат што повеќе луѓе, да се уништи Герника комплетно, како симбол на републиката, градот да гори... Немилосрдноста на нападот е вон сите начела и етики на војување, и токму поради тоа Герника од пепел станува историски пример.

„Герника“, и покрај љубовната приказна не е романтична драма, не е ниту класичен воен филм. Временски, филмот е фокусиран на настаните кои претходеле и биле подлога за бруталниот напад, но и за самиот напад кој е сликовито, живо, драматично пренесен. Она што можеби пречи е недостатокот на елементите на војната во првиот дел и интензивноста на последниот дел, што на еден начин доведува до остра граница и ја менува нагло динамиката на филмот на не толку успешен начин. Овој филм не е можеби високо на топ-листите на филмови кои припаѓаат во овој жанр, но е вистински „кршач на мраз“ за тема која со децении била игнорирана и сведувана на кратки филмови. Да се надеваме дека неговото постоење ќе го постави патот за подобро запознавање со тој историски фрагмент и дека ќе го отвори интересот за подлабоко истражување на настаните.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Koldo Serra

**Улоги:** James D'Arcy, María Valverde, Jack Davenport, Ingrid García Jonsson

**Сценарио:** Barney Cohen, Carlos Clavijo Cobos

**Кинематографија:** Unax Mendia

**Музика:** Fernando Velázquez

**Земја:** Шпанија / САД

**Година:** 2016

**Времетраење:** 110 минути

**Награди:** Номинации за наградите „Goya“, „Gaudi“, „ASECAN“



# Таор
## Родното место на Јустинијан Први

Таор е село кое се наоѓа во Општина Зелениково, во околината на градот Скопје, сместено во традиционалниот регион Скопска Блатија. Селото се наоѓа во Таорската Клисура, од левата страна на реката Вардар, на 26 километри оддалеченост од градот Скопје во источен правец. Реката Вардар го дели од селото Орешани, кое е веднаш на спротивниот десен брег.
Во близина на селото Таор, 20 километри јужно од Скопје, во непосредна близина на Зелениково, е откриен археолошкиот локалитет со исто име (Таор). На овој локалитет пронајдени се, еден врз друг, слоеви на три населби од различни периоди. Едната населба е од праисториското време, од крајот на енеолитот, која датира од 3000 и 2000 година пред Христа, втората од доцноантичкиот период (IV - VI век по Христа), додека третата населба е од средновековниот период (IX - X век). Селото Таор е мошне стара населба, позната и спомenувана и во античкиот и во средновековниот период. Во античко време местото се викало Тауресиум, кога било дел од римската провинција Илирик. Во овој град бил роден византискиот император Јустинијан Први, а остатоците од овој град се наоѓаат во месноста Градиште, недалеку од селската црква и гробишта. Поради значајната и стратешки важна местоположба во населбата Tauresium – Таор, отсекогаш имало организиран живот и значајни воени утврдувања, заради што самата населба повеќепати е спомenувана и запишана во античките и во средновековните записи. Најстарите пишани податоци за селото Таор потекнуваат од 1227 година, каде се спомenува под името Тавор, име под кое се среќава и во XIV и XVI век. Потеклото на името доаѓа од името на античката дарданска населба „Ταωρησιον“, која се зачувало до денес како Таор. Името Taur, Tauresion, Taurision е предримско именување кое доаѓа од античкиот збор „taura“, што значи рид, брдо, што соодветствува на местоположбата на селото сместено на рид над Вардар на влезот во клисурата.
Она што е значајно во истражувањето на локалитетот Таор е тоа што е утврдено дека населбата е градена плански, поточно дека има статус на урбанизирана населба. Материјалот со кој е градена е со неверојатен квалитет. Ѕидовите се со значителна дебелина и исклучително добро се зачувани. На одредени места изгледаат дури и како да се конзервирани.

Кристина Илиевска









